СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дел. Бр.

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
# ОД 17-ТАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 15 ЈУНИ 1991 ГОДИНА

Скопје, јуни 1991 година

17 (СЕДУМНАЕСЕТА) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 15 ЈУНИ 1991 ГОДИНА

ДИСКУТАНТИ                                                    Дневен ред : Стр.2

1. АНДОВ СТОЈАН - 1,12,89,95,97,98
2. АЛИУ ЕШТРЕФ - 28
5. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 32,3,92
4. АБДИ ФАИК - 45,85.
5Р ГЛИГОРОВ КИРО - 3,18
6. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУБЧО - 70
7. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР -73
8. ГОШЕВ ПЕТАР - 75,78
9. ДИМОВСКА ДОСТА - 86,87,
10. ДИМИТРОВА РАТКА - 96
11. ЗИБЕРИ НАСЕР - 81,96
12. КИРОВ ТАШКО -29
13. КЉУСЕВ НИКОЛА - 66,69 (Претседател на Влада)
14. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 72
15. ИВАНОВ ЉУБОСАВ - 35
16. ИВАНОВ ИВАН - 51
17. МИНОВ ПАНЧЕ 26
18. ПЕТРОВ ТОДОР - 41,97
19 РИСТОВСКИ БЛАЖЕ - 62( Потпрет.на Влала )
20. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 22
21. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 83,95,98
22. СТАМЕНОВ РИСТО - 85
23. ТУПУРК0ВСКИ ВАСИЛ - 5
24. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 38
25. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 48
26. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 82

Собрание на Република Македонија
17-та седница
( 15 јуни 1991 година )

Седницата се одража во сала број 1, на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,50 часот.

На седницата претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:Дами и годпода пратеници, ја отворам 17-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Димитар Поповски, Благоја Чкатроски, Владимир Митевски и Симеон Ивановски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието.

Ве известувам дека една поголема група од неколку илјади граѓани од албанската народност демонстрираат пред зградата на Собранието  со што се создава отежувачка атмосфера за работа на седницата.

Еднаш да се договориме дека не можеме да работиме под било каков притисок и сакам да кажам дека во политичкиот живот одржувањето на добра атмосфера за работа на Парламентот е, меѓу другото, и обврска на партиите кои учествуваат во македонскиот Парламент. Јас апелирам кај партиите кои имаат влијание на атмосферата што се создава да се заложат до вакви ситуации да не доаѓа.

Имаме секогаш начин како тие работи да ги расправаме, а кога држиме седница би молел да немаме вакви настани, Ова само како патем но верувам дека е од многу големо значење за работата на Парламентот и условите за работа.

За денешнава седница го предлагам следниов дневен ред:

1. Платформа на претседателот на Република Македонија и на претседателот на Претседателството на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина за идната Југословенска заедница и

2. Информација за разговорот на претседателот на Република Македонија Киро Глигоров со претставниците на Европската заедница.

Со оглед на содржината и карактерот на точките од предложениот дневен ред предлагам на денешнава седница да расправаме само по овие две точки и да не го прошируваме дневниот ред.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има некој воздржан? (еден пратеник).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Преминуваме на првата точка-Платформа на претседателот на Република Македонија и претседателот на Претседателството на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина за идната Југословенска заедница.

Платформата и извештајот од заедничката седница на Комисијата за општествено-политички систем, за внатрешна политика и општонародна одбрана и за надворешно-политички прашања и односи ви се доставени, односно поделени.

Има збор претседателот на Република Македонија Киро Глигоров.

І/3.-

КИРО ГЛИГОРОВ: Господин претседателе и претседателство, почитувани пратеници, ќе се обидам накусо да ве информирам за платформата што по иницијатива на Босна и Херцеговина и на Македонија, а водејќи сметка за се она што досега го застапувавме во преговорите и нашиот член на Претседателството Тупурковски и јас во тие преговори, сметавме дека требаше да се обидеме да направиме една основа за да се излезе од пат позицијата за разговори за можната иднина на југословенската заедница.

Кои беа нашите мотиви? Влошувањето на економската и социјалната состојба, влошувањето на меѓунационалните и меѓурепубличките односи кои доведоа и до недозволени човечки жртви, неизвесност и страв кај населението, како и петте неуспешни состаноци на претседателите на републиките и на претседателите на претседателствата на републиките, беа основната причина и мотив претседателот Изетбеговиќ и јас да предложиме заедничка платформа како основа за разговори и преговори за можното идно уредување на југословенската заедница. Сметам дека бевме должни да преземеме таква иницијатива, тргнувајќи од тоа дека не смееме да чекаме и да се препуштиме на настаните коишто можат да доведат и до граѓанска војна. Затоа се определивме да понудиме една платформа која ќе има за цел, да се избегнат екстремите и да бараме разумен излез од вжештената атмосфера во која се повеќе заканите, оружјето и ултиматумите го заменуваат нивниот демократски дијалог, рационалниот пристап и разумниот компромис. Дотолку повеќе што сите релевантни фактори во Меѓународната заедница со свои соопштенија, декларации и бројни непосредни укажувања ни ја изразуваат својата крајна загриженост за неспремноста на внатрешните фактори во Ју-

гославија по мирен демократски пат да најдат излез од кризата. Ова беше особено изразено од Европската економска заедница. Југославија стана земја во која сите гледаат опасност за нарушување на мирот и попречување на нормалниот понатамошен тек на европската интеграција. Сите се чувствуваат загрозени.

Тргнувајќи од овие сознанија и генералниот став на нашата Република, дека не сакаме да бидеме пасивен учесник во настаните со кои се определува, впрочем инашата судбина и дека е наша обврска да ги проценуваме настаните, интересите и патиштата за излез од кризата со сопствена глава, со сопствени процени, не определувајќи се за некои ставови априори за или против, имајќи го предвид предлагачот, туку според нивното вистинско значеше за нашиот народ, за нашата Република и шансите да се доближиме до европската опција во која ја гледаме својата, но и иднината на сите народи со кои живееме, не само во Југославија, туку и нашите соседи. И тоа беше таа основна ориентација.

Господинот Изетбеговиќ и јас се договоривме да изработиме еден заеднички предлог кој би можел да биде основа за поуспешни преговори, не како тврд непроменлив концепт, туку како платформа отворена за конструктивен творечки дијалог за сите предлози кои можат да бидат во врска со таа основна рамка, расправани и да најдат свое место во неа, кој сите би не ставил во положба да се договараме со можни солуции и тоа, пред се, во четирите области кои ја определуваат физиономијата и карактерот на секоја заедно без оглед какво име има.

Вие знаете дека нашите залагања уште во почетокот на нашите разговори беа со тој пристап, не да се исцрпуваме во крајно спротивставени ставови, само за името на идната заедница, туку да

разговараме за содржината на нашето идно заедничко живеење врз заемни интереси затоа што тие се во основата на било која заедница. Ако тие постојат, тогаш разумните луѓе не само што можат, туку се и должни да ги утврдат тие интереси и да се договорат. Се друго е неодговорен чин врз кој можат да влијаат идеолошки, емотивни и други причини. Но, тие според мене не треба да имаат пресудно влијание кога се работи за иднината на народите и на нивните држави за кои се дадени толку жртви, труд и усилби на бројни генерации.

Друг пристап не би ни простиле нашите луѓе, а историјата би не осудила како неодговорни и неспособни луѓе.

Мојата позиција, одделно беше многу олеснета, бидејќи нашиот Парламент донесе уште на првите седници и Декларација за сувереност на Македонија и сопствена Платформа за тие преговори. А нејзините основни определби ни беа сигурен патоказ, задачата беше таа да се прошири, да се истакнат точките на можните заеднички интереси и да се пронајде оној неопходен компромис кој секој политички договор, кога постојат, покрај заедничките и спротивни интереси мора да го содржи, за да биде реален, прифатлив и да издржи критики од различни позиции.

Кои се потпорните точки на предложената Платформа?

Прво, секој договор за идната Југославија мора да ја уважи и да тргне од сувереноста на републиките, како држави, настанати во текот на НОВ и преку нивното и на народите доброволно здружување во федеративна заедница. Никој никому не му подарил слобода. Сите ние ја имаме извојувано со оружје и големи жртви и одтаму разговорот за иднината може да се води само меѓу рамноправни

партнери. Само така ќе се почитуваме мегу себе и ќе ги отстраниме било какавите опасности или обиди за доминација, притисок, без оглед на која основа, по бројноста, националноста, економската моќ или досега стекнатите позиции. А во нашиот пример и по основ на некоја историска заблуда во однос на нашето национално битие, јазикот и историјата. Секој друг пристап е нереален, предизвикува недоверба, историски реминисценции од подалечното и поблиското минато, треба да бидат елиминирани и оставени на историјата, гледајќи напред и врз се она што е доминантно во европските движења кои се незамисливи без почитување на човечките,индивидуалните, националните и колективни права на сите.

Второ, секој вид заедница претпоставува договор за некои заеднички акции, за заеднички функции коишто треба да се остваруваат преку заеднички органи. Без тоа нема заедница. Стравот дека заедничките функции и заедничките органи можат да бидат во спротивност со сувереноста на републиките, не би требало да постои, ако сфатиме дека делот на сувереноста кој е содржан во заедничките функции, заемно ќе го остваруваме и тој си останува како неодвоив дел од изворната сувереност на републиките. И тоа не го негира изворниот суверенитет на републиките. Воопшто земено ние сме пречувствителни во врска со поимот суверенитет, што е разбирливо, поради неговото негирање досега и неможноста да се остварува на вистински начин поради уредувањето на досегашна Југославија. Меѓутоа, ако на него гледаме низ европски очила и ако ја следиме нивната практика, тогаш нема никаква опасност ние да го прифатиме современиот поим на сувереноста, бидејќи без тоа нема здружување и не може да се извлече сета полза од ширењето на заедничките простори,на економски туку **и** на културен и на секој друг план.

I/7.-

Ние како поделен народ имаме интерес за различни видови на здружување и соработка и со народите со кои живееме и со соседите на Балканот и европските народи воопшто. Тоа е наш национален интерес. Оттаму изнаоѓањето на вистинската релација меѓу суверeноста на републиките и белезите и атрибутите на идната заедница е пресудниот момент за да се најде заедничкото решение за досега непомирливите ставови. Или непомирливите ставови коишто можеме да ги карактеризирам како или заедничка или една држава или ништо, или пак, или самостојни суверени републики и заедница без било каков надворешно-политички суверенитет или ништо.Сметам дека и едното и другото не соодветствуваат на реалниот живот заради тоа што една држава не е можна ако не се сфати дека се работи за сложена заедница која ја сочинуваат повеќе држави-во нашиов случај шест републики и две покраини, или пак секоја самостојна држава, а штом тоа стане, мора да размислува со кого ќе се здружи, особено ако се работи за европска земја, па и најновиот пример, еве денеска Шведска која повеќе од 100 години не војувала и ги ужива сите предимства на неутрална земја, еве денеска се кандидира да влезе во Европската заедница. Сигурен сум дека не е далеку времето кога тоа ќе го стори и Швајцарија. Со други зборови за да биде нашето учество во тие преговори успешно, и тоа не само за нас, туку и за сите учесници, мора да ги респектираме двете реалности. Едната е внатрешните состојби и расположението во републиките и силниот стремеж да се доврши забавениот процес на националната еманципација на балканскиот простор. Тоа е реалноста што се гледа од определбата за осамостојување на републиките и грижата за нивниот суверенитет. Истовремено мораме да ја гледаме и потребата за здружување затоа што е и таа реалност.

И втората, меѓународната реалност, посебно европската реалност која укажува на потребата да се сочува југословенската заедница и тоа онаква за каква ќе се договорат југословенските републики и тоа по мирен пат и врз демократска основа со демократски средства. Тоа е нашиот реален вкупен амбиент, кој ако го разбираме и уважуваме, можеме да се договориме и побргу да излеземе од кризата, скратувајќи го времето и со голема подготвеност од Меѓународната заедница како резултат на полно расправи и разговори со најодговорните луѓе, особено од Европската економска заедница и меѓународните финансиски институции. Со мирно и договорно престројување и помош од надвор би можело да започне еден нов динамичен процес на економскиот развој, а тоа е на крајот од краиштата онаа цел што може да го инспирира секој човек.

Трето, човечките права и економските интереси засновани врз заедничкиот пазар и модерното пазарно стопанисување засновано врз практиката и односите во Европската економска заедница се неспорни денеска во светот. Односно помалку спорни и може да се претпостави дека иако не е лесно, но може да се очекува приближување и догвор за човечките права, неспорно, а за економските функции веројатно, со извесни отстапки и побавно, но сепак може да се очекува согласност.

Околу одбраната и односите со странство како домени кои се непосредно врзани со внатрешниот суверенитет и сопствената одговорност за безбедноста и одбраната на секоја република од една страна, и потребата од заедничка одбрана од друга страна, ќе мора уште многу да се работи да се расчистат, како и со таканаречениот, како тоа да се спроведе, како да се најде таа линија на разграничување и кога се зборува за т.н. политички субјективитет

за кој ќе има исто така дискусии бидејќи и едното и другото задираат во доменот на суверенитетот на републиките и на надворешниот и политичкиот субјективитет на Југославија.

Платформата, по мое мислење, во основа укажува на една мерка која би можела да ги помести крајните становишта, а времето и натамошните европски процеси ќе покажат дали треба и какви корекции. Всушност и во самата Европска заедница имајќи ја предвид 1992 и 1993 година со која во основа завршува процесот на економското здружување во Европската економска заедница, актуелни стануваат натамошните чекори во градењето на заедничката одбрана и подигањето на повисоко рамниште на правата и обврските на заедничките претставништва во странство.

Во врска со ова треба да се укаже дека неслучајно постојано се говори кога станува збор за нашта криза, токму за искуствата на Европската економска заедница. Зошто? На прво место затоа што секоја од југословенските републики се декларира дека сака да влезе во Европската заедница. Од друга страна Европската економска заедница декларира дека ако ги решиме политичките проблеми на нашето заедничко живеење, таа е спремна да преговара за асоцијација на Југославија во Европската економска заедница. Зарем, оваа обострана спремност не упатува на еден многу значаен заклучок, дека сите наши судири и кавги и спорови се релативизираат ако ја имаме пред очите таа наша заедничка перспектива во заедничкиот европски дом. Или пак, заслепени од меѓусебните обвинувања, полни со емоции, заборaваме или дури и не веруваме во таква перспектива? Тогаш нашата перспектива и како самостојни држави не е многу блескава. А тоа би било, веројатно, не помалку опасно од сета оваа наша внатрешна рашомонијада. Еве,туку што заврши, на пример

тридневното заседание на еминентниот европски собир во Прага на чело со претседателите на Франција и Чехословачка Митеран и Павел, кои прогласија дека е поминат половина пат до Европската конфедерација. Дали ние го бараме местото таму или остануваме заробеници на ова наше балканско минато, тоа е прашањето кое секој прет себе си треба да си го постави.

Затоа, ми се чини, во овие наши преговори сите учесници треба да покажат една ширина, особено во признавањето на сувереноста, државноста и самостојноста на републиките. Тоа е клучното прашање, да се премине рубиконот. Се додека тоа се оспорува нема договор во Југославија и тие по тоа растоварени осомневања дека некој со ограничени права и оштетен суверенитет или дури да го доведува воопшто нивниот суверенитет во прашање, тие ослободени од такви опасности ќе бидат многу повеќе спремни да се договараат, бидејќи здружувањето е законитост на времето и развојот. Тоа може да го негираат само луѓе кои го гледаат светот со наочарите од 19-тиот век.

Четврто, досегашните одзиви за предложената платформа во земјата и во странство во основа беа позитивни. Во земјата значеа олеснување, надеж и смирување, но тоа не може да биде причина за сеење на било какви илузии дека договорот е близу, како што реков по состанокот во Сараево. Ова е само охрабрувачки почеток, а пред нас е долг, долг пат на преговори. Треба да инсистираме на зачестени работни средби со цел да се премине на уште поконкретни разговори од идната недела. Во тој поглед пред нас се и иницијативи кои би требало да доведат до тоа да дојде повторно и до собирање на шесмината и на Претседателството на СФРЈ, на разрешувањето на неговиот проблем па и на заедничкиот состанок на тие два вида преговори.

Што се однесува до реакциите од странство, предлогот е прифатен како разумен на европска линија и добива се почесто поддршка. Сношти можевме да слушнеме дека кај Германскиот Бундестаг во проект резолуцијата за Југославија што е предадена на југословенскиот амбасадор во Бон препорачува да се продолжат разговорите врз предложената Платформа Изетбеговиќ-Глигоров, а Европската економска заедница го прими нашиот документ како добра основа и правец кој овозможува и ветува излез од кризата. Ние треба и натаму да ја задржиме иницијативата да бидеме кооперативни, да бидеме подготвени со сопствени уште поконкретни предлози кога ќе се помине на расправа по областите и одделните заеднички функции. Денес нашиот Парламент според препораката да се разгледа платформата во републиките прв тоа го прави и затоа предлагам да донесеме заклучок со кој ке ја поддржиме Платформата и да ги повикаме собранијата на другите републики да го сторат истото, со што би се отворил пат за натамошни преговори. Ние немаме време за одолговлекување. Немаме време за чекање и надмудрување. Мирот во земјата, спокојството на луѓето, грижите кои инаку се големи заради тешката економска состојба и се зголемуваат од ден на ден тоа треба да ни биде секој ден мементо. Никому не му даваат право со било што да ја отежнува ситуацијата. Заканите треба да престанат, оружјето да замолчи и да се отвори пат за чесни преговори на добронамерни и одговорни луѓе. Се друго е против интересите на народот и против барањата на времето во кое живееме.

Наредните петнаесет дена ќе донесат редица одлуки во Словенија и Хрватска, како резултат на спроведените референдуми во тие републики. Ние очекуваме дека тие одлуки ќе бидат потврда на резултатите на нивните референдуми, но во истовреме дека ќе ја

изразат својата спремност за заемен договор за идната заедница да се продолжи дијалогот понатаму. Секој друг чин ќе ја влоши внатрешната ситуација, ќе донесе нови неизвесности и опасности и тешки последици на меѓународен план. Не гледам дека тоа е во интерес на било кој и заради тоа очекувам разумни одлуки, а не нови потези. Но, за секој случај мораме да бидеме добро информирани, да ги следиме настаните и во секој момент да бидеме спремни да реагираме на секој евентуален настан.

Ви благодарам за вниманието.

(Бурен аплауз)

Сметав евентуално да ги изнесам и резултатите од разговорите за да имате една целина за ситуацијата, но како ќе одлучите.

СТОЈАН АНДОВ: Подобро е расправата да ја водиме одвоено, а ако мислите да ја водиме заеднички, да го замолиме претседателот да продолжи.

КИРО ГЛИГОРОВ: Тогаш јас да продолжам со информирањето, бидејќи тоа е само информација, сега, што ќе ја изнесам, која го надополнува сето тоа.

Како што е познато на 30 мај во Белград претседателите на републиките имаа одделни средби со претседавачот на ЕЕЗ и премиерот на Луксембург господинот Жак Сантер, како и со претседателот на Комисијата на ЕЕЗ Жак Делор.

После поединечните одделни средби со секој претседател, се одржа и една заедничка средба каде што се резимираа разговорите и заклучоците, со сите учесници, на кои присуствуваше и претседателот на Сојузната влада, Анте Марковиќ.

II/4

Најпрвин да ве информирам за средбата што ја имав јас.

Европските функционери изразија желба да се информираат за состојбите во Југославија, какво е нивното видување по одделни републики и какво е особено видувањето на секој од нас за излез од постојната криза. Тие ја повторија заинтересираноста на Заедницата, тоа беше случај и повеќе пати, за зачувување на интегритетот на Југославија и залагањето за мирно и демократско разрешување на проблемите.

Сантер рече дека Европската заедница ќе ги почитува сите решенија што ќе ги донесат надлежните органи во Југославија,но врз основа на важечкиот устав и законите на земјата.

Понатаму во мојот збор јас ги запознав гостите?? со нашите видувања, врз основа на нашата Платформа и врз основа на Платформата за која им напомнав дека ќе им биде предадена во англиска верзија, а после разговорите со другите претседатели, за да ја имаат предвид во натамошните свои размислувања.

Јас реков, ако не се тргнува априори од некои веќе заземени ставови за Федерација или Конфедерација може да се најде едно компромисно решение. Тој компромис би можел да биде врз основа на спогодба во врска со четирите главни подрачја на заедничкиот живот, во економските односи, правата на човекот, заедничката одбрана и заедничката надворешна политика.

Бидејќи сметам дека ниту едното ниту другото тешко од сите да биде прифатено, без оглед дали ќе се одлучиме за сојуз на суверени држави или некаков вид на федерација, додека не се спроведат разговорите за содржината на односите. Тоа е приматот. Од содржината

на односите произлегува и карактерот на заедницата. Затоа е битно да се водат разговорите врз основа на интересите кои може да бидат заеднички, кои можат и да не поврзуваат и кои ќе водат сметка за сите народи и народности во Југославија.

Главните, прашања и како јас ги гледам во Југославија, ги истакнав двете. Покрај решението на државно-политичката криза,се натамошна демократизација во сите републики и спроведување на стопанската реформа.

Незавршените процеси на демократизацијата се едно од главните пречки за овој договор, а со самото тоа се доведени во прашање и економските реформи, пред се,тука е прашањето на реприватизацијата, без што е тешко да се обезбеди социјалната и политичката структура на идното југословенско општество. Затоа во Македонија сметаме дека треба во целина да се поддржат реформите и на политички и на економски план, а на надворешен план ја прокламирав нашата отвореност спрема соседите, желбата да се бришат границите итн.

Притоа напомнав, она што инаку го застапуваме во нашата Платформа, мислам на нашата македонска Платформа, не оваа заедничката, доколку би дошло до одвојување на Словенија и Хрватска, Македонија не би била спремна да формира Федерација како остаток од Југославија.

Навраќајќи се на четирите области од заедничкиот интерес, нагласив дека постои доста блиска согласност по економските прашања, по прашањата на човековите права, но дека главните прашања се сврзани со спорот околу тоа дали републиките се држави или не, дали се суверени или не, каков тип и карактер е нивната свереност и им објаснив, на Вас да не ви повторувам, како настанала Југославија, дека во целиот

повоен период тие се држави. Кога е прашање за Македонија тоа е така од 1944 година итн. и се разбира, им ја презентирав и нашата Декларација за сувереноста на Македонија.

На крајот реков дека на овие релации ако се почитува таа позиција на републиките и ако разумно се разговара може да се најде една линија на разграничување, доколку не се поаѓа од тврдото инсистирање само на суверенитетот на Југославија или само на исклучителен суверенитет на републиките. Извесен принцип кој би овозможувал за оние заеднички функции заеднички го извршуваме оној дел на суверенитетот кој тие функции го претпоставуваат , би можело да се најде едно решение. Тогаш Жак Сантер на тоа рече дека практиката на ЕЕЗ укажува дека тоа е единствено можно решение.

Во продолжение се осврнав на прашањата од доменот на односите со ЕЕЗ. Им го реков следново, цитирам: Мислам дека права помош на Југославија за да се надминат овие проблеми би било да се забрза процесот на асоцијација на Југославија во Заедницата, да се добие перспектива дека влегуваме во Европскиот простор врз договорени начела и дека,тогаш сите прашања, се разбира се релативизираат, сите субјекти.

Онаа политика, реков, која заради тешката ситуација во Југославија чека да види што ќе се случи во неа за без било каков ризик да се инвестира, или пак што не се средени приликите е пречка да отпочнат преговорите за влегување на Југославија во вид на асоциран член во заедничкиот пазар, тоа е по мое мислење контра продуктивно и самопридонесува односите во Југославија да се влошуваат и заради тоа што овој пристап ги доведува економските реформи во прашање, тогаш меѓунационалните односи **се** влошуваат и се создава впечаток дека нема излез. Затоа им реков сега е моментот да и се подаде рака на Југославија

да почне да се инвестира во неа и извесниот ризик кој сегашната наша положба го носи во подолгорочно време би се исплатил. Им реков дека мислам тоа е правата помош сега во однос на нашата земја. Тоа би било вистинска помош. Југославија има значајни предности во однос на другите источноевропски земји, долго ги одгледува врските со ЕЕЗ и би можела релативно брзо да стапи во европските интеграции.

На крајот, што се однесува до Македонија реков дека таа навистина е решена на сите свои проблеми да гледа во светлината на европската опција како цел. Таа нема никакви територијални барања кон ниедна друга земја и единствено што сака е да се решат правата на деловите на македонскиот народ во соседните земји и тоа врз основа на сите меѓународно-правно признати акти. Тоа беше она што јас го изнесов во наше име.

Претседавачот на Европската заедница, Жак Сантер на тоа одговори дека ставовите што ги изнесе претседателот Глигоров се слични или многу блиски до оние што се формулирани во ЕЕЗ. Тој понатаму кажа дека заедницата е заинтерсирана за зачувување на територијалниот интегритет на Југославија, за полна демократизација, за почитување на правата на граѓаните и малцинствата, се разбира во рамките на институциите што ќе ги одреди самата Југославија. Значи тие не сакаат никако да арбитрираат за тоа дали ние ќе се одлучиме за сојуз на суверени држави или за конфедерација или за некој друг вид организација. Притоа тој додаде, цитирам "во тој контекст ние сме готови да воспоставиме активна соработка и да овозможиме асоцирање на Југославија во Европската заедница".

Понатаму во натамошниот дијалог тие инсистираа на почитување на Уставот и Деловникот на Претседателството на СФРЈ и не упатија на прашањето како јас гледам на кризата во Претседателството, одговорив дека причините кои доведоа до тоа се такви што не се почитува правната и уставната основа. Хрватска по уставниот и договорениот ред е на ред, таа има свој претставник, тој беше и потпретседател, според тоа тој е легитимен претставник што треба да дојде на тоа место. Не беше потребно по овој случај да се предизвикува ваква криза, таа предизвика големи штети и по мое мислење е бесмислено.

Ги запознав со идеата тој документ на Изетбеговиќ и мој да го изнесеме на следната седница, што тие го поздравија и тогаш прашаа дали е согласен и претседателот Милошевиќ и дали е потребно нивно посредништво да се овозможи една таква средба. Меѓутоа, тоа не беше потребно бидејќи во меѓувреме се постигна таа согласност сите шестмина да присуствуваат на таа средба.

III/1/сј/лб

Во продолжение на разговорите, и тоа е најважниот дел од овие разговори, всушност, Жак Де лор од името на двајцата говореше за ставовите на заедницата. Тој рече, дека што се однесува на економски план заедницата веќе повеќе години е во врска со Сојузниот извршен совет и секаде каде што било потребно давала помош кај Меѓународниот монетарен фонд и кај другите меѓународни финансиски институции. Потоа, нивните становишта ги формулира четири точки:

Првата точка, во неа покажа дека Југославија најмногу е поврзана со западно-европската заедница во споредба со било која источно-европска земја. Веше добро подготвен и изнесе и конкретни бројки во 1989 година, размената меѓу нас и Европската заедница изнесувала 38%, во 1990 година 45%, во 1991 година 53%, без туризмот, без дознаките, без невидливите приходи, кредитните трансакции. На тоа јас додадов, ако сето тоа се има предвид тогаш 90% од вкупниот девизен промет на Југославија се одвива во конвертибилни валути, што значи со државите со пазарно стопанисување. Оттаму се гледа нашата длабока втемеленост и поврзаност во она што денеска се крсти како Европска економска заедница. Тој од тоа извлече во првата точка заклучок дека економската иднина на Југославија е во Европската економска заедница.

Второ негово соопштение дека соработката со другите источно-европски земји тече, но и покрај тоа што тие односи се развиваат посебно со Полска, Унгарија и Бугарија, тој рече дека не треба да се заборави дека односите на Европската заедница со Југославија се најстари, тие датираат од 1970 година, кога е потпишана првата спогодба која уште функционира, нејзе и е приклучен и финансиски протокол од 1 милијарда долари. Помошта што 24 земји

им ја даваат на источно-европските земји ја координира Комисијата на заедничкиот пазар се проширува на Југославија и ние наскоро ќе добиеме, според неговите зборови, 100 милиони еки.

Трето, конјуктурата во Југославија, според негово мислење, е влошена од септември 1990 година, не заради економски туку заради политички причини. Ако Југославија продолжи по тој пат значително ќе се намалат девизните резерви. Време е секоја република да сфати дека не е доволно само да ги манифестира принципите на пазарното стопанство, бидејќи оганот гори и господинот Де лор во врска со тоа рече: "Ако создадете неопходни услови ние ќе можеме да пледираме ка] Меѓународниот монетарен фонд за изработка на специјална програма за Југославија, која би создала финансиска основа, вашите резерви да се зголемат до степен да се добие доверба на странските вложувачи. За тоа ние ке застанеме. Тој износ би требало да го надмине се што е досега вложено во Полска, Чехословачка и Унгарија, а тоа би бил износ од околу 4 милјарди долари‟. „Ние сме подготвени овој план да им го поднесеме на нашите органи, на Меѓународниот монетарен фонд и на сите други институции, но за тоа би било неопходно да се создадат во ЈугославиЈа минимални неопходни политички услови и да се реши кризата на државниот врв. Мислиме дека тоа е најмногу што за некого е направено, за последните неколку години.

Четврто, тоа би било некој вид политички сигнал: „спремни сме да отпочнеме дискусии за Југославија за спогодба во што е можно покус рок за асоцирање на Југославија во Европската економска заедница". Да се разбереме тоа не е полноправно членство, тоа е првата етапа која Југославија ја поставува во положба да ја

има таканаречената слободна зона на трговија. Тоа значи ние не плаќаме царини за сиот наш извоз во Европската заедница, а тие за број години за кои ќе се договориме 5, 6,7 ,Грција имаше 7, мислам Португалија имаше 8 години, во тој период ние имаме царини ви за ви нив заради тоа да можеме да се приготвиме и приспособиме на конкурецијата која не чека утре во слободната зона на трговија.
Но, корисга ја имаме уште од првиот ден.

Спремни сме да отпочнеме дискусија за спогодбата за асоцијација со Југославија онака како што сега ја водиме со Полска и Чехословачка. Оваа спогодба за асоцијација треба да покрие три области-:економската област тоа би значело да се воспостави зона на слободна размена на Југославија и еврпската заедница,тоа што го објаснува, и со тоа да се зајакнат нашите меѓусебни врски и да се изврши подготовка во догледно време за полноправно членство.

На политички план тоа значи редовни средби на прет-ставниците на министрите за надворешни работи на ЈугославиЈа, во множина е речено, и на земјите на Европската економска заедница,кој би се договарале за прашања од заеднички интерес.

Би бил зголемен во поширок размер културниот домен на културната размена меѓу републиките на Југославија и Европската економска заедница. Според тоа, тоа би имало повеќекратно значење по негово мислење.

За светот пак тоа би значело дека Европската економска заедница гарантира за економската сигурност на Југославија и со тоа треба да дејствува да се поврати довербата кај странските вложувачи да инвестираат во Југославија. На внатрешен план тоа би ги охрабрило југословенските народи

"Без намера да се мешаме во вашите внатрешни работи, тој вели, сметаме дека за реализација на наведените предлози потребно е да се обезбедат следниве услови:

Прво, почитување на сегашниот Устав на Југославија.

Второ, почитување на човековите права на целата територија на Југославија,и

Трето, изнаоѓање на одредено институционално решение кое би било прифатливо за сите.

Нашето, вели тој, повеќе годишно искуство би можело да биде корисно со оглед дека сега се доближуваме кон монетарна и политичка унија."

Од значење се да спомнам уште една или две работи и упатија прашања,како се гледа во Македонија ситуацијата на Косово. Одговорив, дека изнесувам мислење дека со Косово треба да се отпочне дијалог, да се спроведат слободни избори и да отвори пат за трајно спогодување.

"На крајот на раговорот претседавачот на Европската заедница Жак Сантер потсети дека е ова програма како на економски така и на политички план, изрази надеж дека и другите соговорници од републиките ќе се движат во истата насока на размислување за Југославија како што покажа овој разговор. Југославија е полна со различности, мегутоа таа е богата и европската заедница сака да ги јакне врските со Југославија на сите подрачја. Сакаме оваа наша порака да ја слушнат сите ваши луѓе за ова што ви го реков и што рече господинот Де Лор во четирите точки , постои полна согласност на сите 12 шефови на земјите членки на Европската заедница. „Ова сметајте го за пријателска порака, ние и даваме шанса на Југославија и се надеваме дека ќе прифати и ќе се определи

како најдобро да ги разреши проблемите што во овој час се чинат како да се неразрешливи."

Завршувајќи го разговорот јас им реков, ваквиот ваш приод не го сметам за мешање во нашите внатрешни работи, бидејки ова е разговор со претставници на народите со кои сакаме во иднина да живееме заедно. Ако разговараме со луѓе со кои треба да се најдеме во една заедница, меѓусебниот дијалог никогаш не може да се третира како мешање.

Со тоа заврши нашиот разговор. Заедничкиот разговор беше резимирање на сите овие нивни предлози и со тоа фактички се заврши разговорот со еден заклучок дека тие ќе седнат заедно со претседателот Марковиќ за да видат кој би бил тој практичен редослед,она што тие велат "тајминг" кој би овозможил да почне овие работи да се реализираат но се под претпоставка дека оние услови кои што ви ги прочитав ке бидат од страна на Југославија исполнети.Благодарам (Аплауз).

СТОЈАН АНДОВ: Го чувме излагањето на претседателот на Републиката, му благодарам за излагањето.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:(ВМРО-ДПМНЕ) Господине претседателе, почитувани пратеници, јас ја разгледав платформата на господата претседатели Глигоров и Изетбеговиќ како уште еден обид од нивна страна за мирно разрешување на југословенската политичка криза.

III/6

Следејќи ги настаните и изјаснувањата на сите заинтересирани страни, се прашувам како ние како македонско Собрание ке се однесуваме во случај на разрешување на кризата со недемократски и избрзани решенија на поедини субјекти. Што сме спремни да направиме во случај на отцепување или раздружување на одделни републики? Знаејќи го искажаното мислење на претседателот на Република Македонија, а тоа е се уште наш став дека ако се отцепи било која република македонската држава не би останала во таканаречена асиметрична или нецелосна федерација или попрецизно конфедерација. Дали во тој случај македонската Влада има подготвено нешто што македонската држава не би ја оставило во поддредена положба. Дали ќе оставиме некој друг да ни ја крои судбината или мудро ќе се поставиме како рамноправен политички субјект кој единствено само со дијалог и само со дијалог го гледа разрешувањето на политичката криза, притоа не губејќи го својот интегритет и суверенитет.

Да се потсетиме само на предизборните ветувања на одделни македонски партии: „Македонита може, Македонија не е повеќе ничија бановина, Македонија е пристојно место за живеење итн. " Ветувањата во повеќепартизмот треба и да се исполнуваат инаку гласачкото тело не простува.

Како ќе се постави Југословенската народна армија во случај на отцепување на било која република. Баукот на граѓанската војна се уште не е отстранет. Со него се заплашуваат па дури и уценуваат и граѓаните на Македонија. Ми се сугерира,а некој со тоа и отворено не заплашуваат дека како народ не сме способни ни леб да јадеме, а камоли и држава да направиме. Некои отворено не не признаваат не негираат, го негираат нашето културно и историско минато, па дури и го присвојуваат.Зарем од тоа треба да се плашиме

и да се криеме. Следните генерации тоа нема да ни го простат и ќе не проколнат. Мислам дека светската демократска јавност, а посебно европската е свесна дека сите народи имаат право на самоопределување до отцепување, право да избираат со кого ќе се здружуваат, со кого и на кои основи и натаму ќе живеат. Европската демократска јавност исто така не признава насилни разврски на поедини политички кризи.

Југословенската армија треба да извлече поуки од последните настани иако е навистина деполитизирана, департизирана, треба да им остави на политичарите и нивните собранија да ја разрешат кризата, но само со дијалог. Армиското водство би требало добро да размисли и процени пред да се впушти во било каква авантура.Затоа апелирам македонските војници и старешини да не се ис-користуваат за политички цели во кои македонската држава и нејзините граѓани немаат причини да учествуваат. Македонската влада и ова Собрание будно следејќи ги настаните треба да бидат подготвени за донесување на такви решенија и одлуки со кои Република Македонија не би се ставила во подредена положба и свршен чин при отцепување или раздружување на било која од републиките.

Истовремено Владата треба да преземе решенија со кои би се намалила социјалната беда, преструктуирањето на стопанството да се изведе по светски познати критериуми адекватни решенија за образованието, здравството, црната металургија, текстилната итн. Без социјална правда ќе нема ни напредок на државата и нејзина стабилност.

Сојузниот премиер Анте Марковиќ е свесен дека без разврска на политичката криза ќе го нема ни ветениот странски капитал. Европа ја поддржува приватизацијата на така наречениеот изум општествен капитал, но не ја интересира како ке се изведе таа приватизација,

а изборот на премиерот преку таканаречени интерни акции, кои светот воопшто малку ги познава, за Македонија и нејзиното стопанство е несоодветен.

Лично ја поддржувам акцијата на претседателот на Франција Франсоа Митеран за европска конфедерација во која се надевам дека свое место ќе си најде и нашата,македонска држава.

Се надевам дека претседателот,Киро Глигоров за сето тоа што досега го искажа на некој начин има и свој позитивен став, свое гледање и апелирам до него и до сите пратеници да размислат за заклучоците што ќе ги донесеме по ова прашање затоа што историјата и идните генерации ќе дадат своја оцена и верувам дека ако донесеме исправни заклучоци и обезбедиме македонската држава и понатаму да опстојува дека нема да не проколнат.

Третата македонска република, бидејќи ова е трета македонска република, е во искушение да ја одбраниме со силата на вистината, правдата и човечкото достоинство. Дали некој нас Македонците не признава или не тоа ни е најмалку битно затоа што ние знаеме дека постоевме, постоиме и ќе опстоиме. Тие што не негираат се или слепи или пак се плашат  од вистината.

IV/1.- НД/ЉР

ПАНЧЕ МИНОВ:(СРСМ)Ја поддржувам Предлогот на платформата за идната југословенска заедница како констуктивна основа за договор во решавањето на југословенската криза на мирен и демократски начин затоа што е во согласност со Декларацијата заувереност на Република Македонија и Платформата на Република Македонија за идното уредување на Југославија. Многу битен момент во прилог на прифаќањето на Предлогот на платформата е што таа претставува документ општо прифатен од сите договорни страни за продолжување на разговорите за изнаоѓање излез-
ни решенија за надминување на кризата, како и тоа што е прифатена и од пошироката меѓународна јавност.

Во однос на државно-правната форма на идната заедница во Платформата се предлага оптимално решение меѓу државниот субјективитет на заедницата и суверенитетот на републиките. Во Платформата се предлага дефинирање на државно-правната форма на идната југословенкса заедница во духот на европските трендови и интеграциони движења како сојуз на суверени републики, односно држави. Значи, зачувување на континуитет на југословенската заедница која ќе остварува јасно определени заеднички функции делегирани со рамноправна согласност од сите републики, од заеднички интерес за сите републики и за секој од нив одделно.

Во областа на заштитата на граѓанските права и слободи и колективните права на малцинствата и етничките групи со надлежност во решавањето на настанатите спорови на паритетна судска институција и директна примена на меѓународните органи за заштита на човековите права и слободи.

IV/2.

Понатаму, заедничка макроекономска политика и заеднички пазар.

Меѓународен правен субјективитет на југословенската заедница и заедничка меѓународна политика, заедничка одбрана и вооружени сили и заеднички органи со паритетен состав кој во принцип одлучуваат со претходна согласност на секоја од републиките.

Сметам дека овој документ е во согласност со декларацијата за сувереност на Република Македонија, затоа што републиките како рамноправни членки на заедницата се предвидува да се остваруваат како држави во сите свои димензии, и тоа:

На републиките им припаѓа изворниот субјективитет, граѓанинот е еден од основните носители на суверените права и слободи. Се гарантира во Платформата правото на народот на самоопределување со право на отцепување во рамките на постојните републики.

Се овозможува слободен сопствен економски развој и сопствено интегрирање во европскиот пазар.

Се предвидува меѓународно правен субјективитет и на републиките, тие да водат сопствена меѓународна политика, да склучуваат меѓународни договори и имаат дипломатски конзуларни претставништва во согласност со своите можности за меѓународно признание и сопствените интереси за политичка економска и културна соработка.Републиките да имаат свои вооружени сили во сопствена надлежнсот.

Поздравувајќи го вклучувањето на Собранието на Републиката во оценувањето и насочувањето на договарањата на идната југословенска заедница се залага во понатамошнтие разговори на разработка на содржините на заедничките функции од оваа платформа

Македонија да не отстапува од суштинските обележја што ја гарантираат сувереноста и државноста на Република Македонија освен условено, под подеднакво отстапување од сите други субјкекти во договарањето за идната југословенска заедница.

ЕШТРЕФ АЛИУ:(ПДП)Почитуван претседателе, почитувано Претседателство,почитувани претставници на Владата, почитуван претседател на Владата, другарот наш легитимен претставник во Претседателството на Југославија, почитувани колеги пратеници и гости ако има.

Парламентарната група на ПДП и НДП ја разгледа Платформата за иднината на југословенската заедница што ја предлага претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров и претседателот на Босна и Херцеговина господин Алија Изетбегович и оцени дека за ова прилика треба да се подвлече следново.

Тоа пред сé претставува акт на добра волја што доаѓа во вистински миг, кога сите граѓани со право се вознемирени и крајно загрижени за сопствената иднина и заедничката иднина во идната заедничка заедница.

Платформата претставува единствен минимум за да продолжат преговорите за демократска разврска на идната заедница. Убедени сме дека за поуспешна разврска на идната заедница како и да се нарече таа, треба да се вклучат сите осум федерални субјекти на сегашната Југославија и сите вистински и легитимни претставници. Очекуваме со право дека нашиот претседател господин, Глигоров ќе даде посебен придонес за натамошно збогатување на содржината на Платформата со која ќе се затворат сите патишта

за насилни решенија на пројавената криза и проблемите во Југославија. Свесни сме дека дијалогот ни е единствен пат и метод на работа. Затоа давајќи и поддршка на оваа Платформа сакаме да го дадеме и нашиот скромен придонес и да ја изразиме нашата желба за плус можност повеќе за посреќна иднина на сите нас во Југославија, а посебно како Република Македонија.

ТАШКО КИРОВ: (ВМРО-ДПМНЕ) Господине претседателе, дами и господа се надевам дека и вие ќе ме извините што за краток момент ќе се обидам да се прошетаме покрај воена површина и се наоѓаме покра] неа така што во даден момент забележиме дека некој туѓ предмет доаѓа и се разбранува, се создаваат екцентрични кругови кои што одат во бесконечност, додека потполно не се изгубат.
Тоа е една природна законитост, сите ќе се согласиме, па затоа токму оваа паралела сакам да ја искористам и сепак да oцениме една ситуација што се случува денес во Југославија. Сите ќе се согласиме дека како што постојат природни процеси постојат и оптшествени. Југославија не така одамна беше една многу мирна унитаристичка држава, барем по површината споредено со примерот неразбранувана макар да тврдиме дека Југославија доаѓа од независни држави, по примерот на АСНОМ и добро е од тоа да поаѓаме, затоа што оттука се нашите државности и мораме да се согласиме дека покасно овие наши аргументи што ги изнесуваме со сите атрибути на една државност беа елиминирани во корист на една централистичка јака држава. Ако тоа не беше така, ние немаше да го изгубиме Прохор Пчински и тоа невидливо, каде што ја поставивме нашата државност.

IV/5.

После определен период отпочна еден процес на децентрализација. Гледајќи го примерот, пак ќе направам споредба каде е крајот на тој процес. Тој процес по мене сепак е еден природен процес кој мора да има крај. Тој процес трае веќе подолго време и неговиот крај е во потполно независни држави, ако тој процес не биде спречен. Наше е сега добро да прoцениме дали еден процес што природно се одвива треба да биде спречен. Ние можеме ли воените кругови што се движат со дадена препрека да ги спречиме? Тие ќе се одбијат и со следните што доаѓаат ќе создадат едно буричкање. Ако се обидеме тој процес да го спречиме ќе се создаде граѓанска војна, немири, како што сега се случуваат, затоа треба претпазливо во сето тоа да приоѓаме.

Токму од овој аспект јас сакам да ја посматрам и Платформата што е дадена како погледи на нашата Република и Република Босна и Херцеговина за иднината на Југославија. Има два аспекта, од која функција го посматраме донесувањето на таа платформа.

Првиот е ако таа е во корист **и** оди токму во тоа мирно разрешување на процесот што се одвива како децентрализација, а друго е како некоја зададена рамка во која ние треба да бидеме втерани. Од уводните забелешки јас подразбирам дека оваа платформа е дадена само во еден континуитет, дека ќе претрпува промени и дека не е конечна. Впрочем, тоа може и да го заклучиме од ставот на другите републики. Тоа е едниот став.

Од дополнителните прилози околу структурата, положбата и начинот на одлучувањето во таа идна заедница, како и гаранцијата за спроведување на тој договор човек може да извлече спротивно гледиште од овој пристап. Таа ни се нуди како конечна рамка и во која ние сакале или не ќе мораме да се сопреме и да се најдеме

тука. Дали е тоа добро за нас треба навистина да се процени и од аспект на една дистанца, не од аспект на желби на одредени субјекти, било поединци или политички партии да се, туку во посматрање на тој одреден процес дали е добро да одиме кон запирање на то] процес, на децентрализација. Тука самата содржина мислам дека и не е многу битна, но битен е приодот кон оваа платформа, и кон било која платформа, дали го има за цел едниот приод или другиот приод.

Инаку, во самата содржина многу се плаќаат надежи и погледи од самата Европска заедница и на некој начин се бара решение да бидат пресликани во нашата специфична ситуација. Јас само, од постарите генерации има што биле учесници во друго време сакам да се потсетат дали во тоа време немаше еден друг идеал, друг тренд на една друга Европа, и тоа Источна Европа. Тоа беше идеалот на една социјална правда, идеална состојба во која и нашата земја беше внесена, а последиците денес ги чувствуваме. Дали сега нас, само заради една споредба не ние еден друг идеал, којшто на истиот начин, по пат на револуција тогаш било донесено,бевме втерани во еден модел, сега дали ние не сакаме да бидеме втерани во некои други односи, практично од една ситуација во друга ситуација. Ова го тврдам од причина што мислам дека ние можеме да размислуваме идеал треба да ни бидат тие односи, но да го процениме патот по кој се дошло.

Европската заедница до овој степен е стигната тргнувајќи од суверени држави, дури и крајно спротивставени. После војната Германија беше крајно спротивставена и воено со други земји.

Значи од еден друг пат, од еден друг почеток тргнаа. Тие не тргнаа од едни рамки однапред зададени, туку животот ги изгради тие норми, што ги имаа денес по 50 години. Ние сакаме сега неизлегувајќи од една ситуација, а тоа е ситуација на децентрализација која води до крајна сувереност на републиките во држави. Тој процес според мене мора да се заврши и да не се залажуваме. Да ја преживееме таа сувереност, да ја сфатиме па дури тогаш да појдеме во една наша специфична ситуација тежнејќи по овие односи. А не тргнувајќи од едни норми, ова како став е наш во спротивност со ставот на северните републики, иако во ставот на господинот Киро Глигоров во една поранешна изјава можам тоа да го извлечам, тие се залагаат до одење на една целосна сувереност, а дури потоа да доаѓа до договор зависно со кого, како и на кој начин. Додека ние се залагаме автоматски со престанок на овие односи да влеземе во други рамки. Тоа би дошло како една револуција, штом нешто го гушиме и преоѓаме во друго. Дали е тоа паметно сепак треба да размислиме, затоа што господинот Киро Глигоров добро кажа за да се има сувереност, сите се согласуваме со тоа, да се пренесе на повисоки дистанци на некоја заедница, а треба да се има, но јас велам не да се има на хартија, туку таа сувереност мора да се преживее, па дури тогаш да ја пренесуваме со кого, и како и каде.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)Драги господа, Македонија по трет или четврти пат паѓа на испит. Јас во еден момент бев восхитен од претседателот на Републиката, кога рече дека дојде историскиот момент Македонија да биде независна во сите елементи на животот. Меѓутоа, сега се

прашувам после Платформата што се даде, се мислам која ми е помила мајка ми или маќеата. Македонија никогаш доброволно не влегла во сојуз со некои држави. Македонија беше поделена од оние кои никогаш не ја сакаа Македонија. Македонија беше подарена и угнетена. Беше едно колаче на Балканот, сладок, беше благодет на тие кои денес еве по некој начин сакаат да не здружуваат. Не сум против отцепувањето на Македонија од добри пријатели. Не сум против добрите пријатели, но секогаш сум бил и останувам таков каков што ме создал Господ да го мразам оној кој не ме сака.

Кога денес ја разгледуваме Платформата за иднината на Југославија да не заборавиме дека треба да тргнеме само од една наша идеа. Од идеалот на мајката Македонија, каде ќе ја оставиме, затоа што сите сме свесни дека денес таа Југославија, која беше благодет за некого, се распаѓа. Зошто? Не е лесно да биде голем политичар човек па да види што и како станува. Може само да се лажеме, но верувајте ми дека мене никој не може да ме излаже, ни гркот, ни србинот,ни бугаринот, ни мојот непријател кој седи до мене.

Извинете  за вас не се однеува за никој.

Македонија ако денес го помине испитот верувајте ми дека на сите ваши деца и наши внучиња ке им оставиме таква Македонија каква што ја бараа нашите прадедовци, дедовци и татковци.Да не одам поназад, туку да видиме денес што станува и што ќе направиме ние со Платформата, ако таква каква што е ја прифатиме. Реков дека денес Словенија бара раздружување. По истот пат оди и Хрватска. Дали може некој нив да ги спречи? Дали може Европа да каже чекајте вие, каде одите, кога Европа призна едно Сан Марино, кога Европа признава едно Римини, кога Европа признава едни куклени држави.

V/1 СС/НД

Не, да не се лажеме дека нема да не признаат. Но, за да се постигне целта, не е само политичката платформа, и економската платформа. Прво, да се видиме каде сме ние во дадениов момент? И од политичка гледна точка; и од економска гледна точка. Колку што знам, колку што разбирам, ние драги пријатели не сме расчистиле ни со првата програма,ни со втората.

На економски план стоиме најлошо. Зошто, веднаш ќе одговорам. Нека слушне цела Европа и целиот свет. Затоа што Македонија се пљачка. Станува општ грабеж, а ние молчиме. Кој е тој човек што ќе инвестира во Македонија? Ако може некој нека ми одговори. Јас ќе реплицирам. Илјадници луѓе без работа. Сега директорите и фабриките ќе ги купат. Со чии пари да ги прашам, со чии пари? Триесет години, и четириесет години имам јас луѓе во Канада, не создадоа ништо. А 45 години директор, милијардер. Тоа е друго прашање, за тоа понатаму. Само дадов повод во Платформата да влезе и економската политика.

Јас, како пратеник на ВМРО, секогаш, како Македонец, да нека ми простат другите партии, јас како македонец не како ?задача, но вродено ми е во крвта, во мислата ќе продолжам и ќе прифатам само таква платформа која целосно ќе гласи-независна Македонија. А, каде ќе одиме ние, со кого ќе се здружиме, тоа ќе го направиме ние, затоа што ние не сме деца да не лаже некој и специјално мене, јас сега зборувам повеќе за мене, ќе одам таму кај тој што ќе ме прифати како што и јас треба да го прифатам. Со сите мои одлики. Затоа што пријателот треба да се сака со сите дарби што му ги дал господ. Ако ме сфатите правилно,значи треба, во прв план да ја гледаме Македонија

V/2
како држава и тие пријатели што сакаат да настапат и да работат со нас треба да не сфатат дека ние сме мала држава, но достојна еден пат да бидеме самостојни и на рамноправна нога да разговараме и да ги решаваме проблемите. А не, утре, се подели Југославија, се раздру-жи Словенија, се раздружи Хрватска, а Македонија? Каде е? Поставете си го тоа прашање и прифатете ја Платформата како што ни доликува на нас, Македонците.

СТОЈАН АНДОВ:Има збор господин Љубосав Иванов.

ЉУБОСАВ ИВАНОВ: (СПМ)Платформата, и јас и мојата партија на која и припаѓам, Социјалистичката партија, ја прифаќам и ја сфаќам како зрак на надеж за излез од еден длабок темен тунел во кој западнавме, особено во последнава година. Таа Платформа, сигурно дека почива на една логика на еден разум, на природни законитости што денеска се одвиваат во светските процеси. Ние, колку што сакаме можеме да имаме патриотизам кај нас, но тој патриотизам мора да се базира на овие елементи: логика, законитост, нешто што стварно е остварливо и нешто што почива на природни материјални процеси.

Ние живееме во едно сосема друго време отколку што живееле нашите предци на кои се повикуваме. Живееме во едно модерно време, време во кое човештвото достигна?? страховити технолошки и технички достигнувања. Ако римската империја не ја соборил Ханибал, туку самите Римјани со меѓусебни караници, но тогаш требало еден глас од Рим па до нас да стигне со години. Денеска една вест стигнува во светот за неколку секунди. Во време кога страотно брзо се развиваат технологиите, на секој народ му треба многу брзи информации. На секој

народ му треба пазар, на секој народ му треба брзо да доаѓа до идеи, до контакти итн. Ние, не можеме да бидеме изолирано острово. Ние не можеме да живееме во некоја пустелија, сето тоа да го базираме на наши силни патриотизми итн. Сето тоа мора да има една своја логика, една своја материјална подлога.

Јас мислам дека патот што ние го избравме во овој Парламент патот на суверена Македонија во рамките на Југославија, во сојуз на суверени држави, тој пат го избравме доста заеднички, на тој пат немавме различни размислувања. Така речи сите партии се здруживме и околу Декларацијата и околу Платфорамта што тука ја усвоивме на што почива Платформата на двајцата претседатели, на Македонија и Босна и Херцеговина. Ние треба во тој поглед да останеме докрај доследни на тој план, затоа што на тој план сите народи во Македонија па и народности се рамноправни. Ние се договоривме секој народ и малцинство најмалку има права колку што имаме ние како мнозински народ, како Македонија или да ги имаат барем правата што ги има неговиот народ во матичната земја. Ние, во тој поглед треба да ги градиме и развиваме тие односи. Ние, во тој поглед треба да го градиме тоа единство во Македонија каде што се обидува на различни начини да ни се влезе и да се разниша.

Имајќи предвид дека се наоѓаме во длабока економска криза, за што зборуваше претседателот на Републиката, дека таа состојба се повеќе се влошува и дека сме ние млада држава, дека немаме многу пријатели во светот, ние треба да настојуваме како партии, во нашите контакти со разни партии во светот, било која да е тоа партија, да работи во прилог на воспоставување на добри односи со тие партии, се повеќе да го создаваме и шириме тоа пријателство, а исто така

и нашите претставници во Парламентот, во Владата, во државата итн., во тие многубројни контакти се повеќе треба тој простор да се отвора за да стекнеме што повеќе пријатели во светот како би можеле во денов кога ќе тргне инвестирањето на тој капитал по разни основи Македонија да не биде заобиколена.

Јас мислам и другиот дел за што зборуваше претседателот на Република Македонија, за контактите со Жак Делор и Жак Сантер од Европа, дека е една многу интересна тема и од аспект на нас како Македонија, затоа што еве, една мала држава на Балканот, Македонија во Југославија, но има израснато сили што можат да предложат одредени решенија во земјата што се во согласност со светсктие процеси. Ние не можеме да се одвоиме од тие процеси. Не можеме сега да измислуваме некои нови однесувања. Мора да се однесуваме така како што мнозинството во светот се однесува, а светот, тоа што сака да ја сочува Југославија, треба на сите да ни биде јасно, тој ќе се бори и ќе ја сочува Југославија и Југославија ќе опстане не затоа што сме ние убав народ, пријатен, затоа што многу не сакаат, туку затоа што се нивни интереси. Овој наш синдром може широко да се пренесе и тие не можат да се согласат со таа работа. Оваа наша состојба многу лесно може да се пренесе во одделни делови на Европа. Според тоа, во тој свет, кога така е заинтересиран, не може да биде нашиот интерес поинаков, па имајќи го предвид и тоа и тој наш суверенитет за што зборуваше претседателот и на што сме и ние многу чувствителни, дел од тој суверенитет да биде пренесен и на тој свет со потпишување на разни акти, декларации итн па и големите сили немаат неограничен суверенитет. Па и Америка, Русија, таа европска заедница итн,светот денеска е зависен еден од друг.

Во тој правец предлагам да ја прифатиме Платформата што ја нуди нашиот претседател на Република Македонија,што треба да ни биде и посебно задоволство, и претседателот на Босна и Херцеговина. Понатамошните договарања, тоа ќе бидат долги договарања. Веќе гледате дека од разнични републики, различно се толкува како што различно се толкуваат разговорите со претставниците на Европската заедница. Меѓутоа, во едно упорно, понатамошно договарање ќе се дојде до решенијата за кои зборуваа некои претходни колеги, но за сето тоа треба трпеливост, треба и мудрост, треба и вештина.

СТОЈАН АНДОВ: Има збор господин Димитрие Трпеноски.

ДИМИТРИЕ ТРПЕНОСКИ: (Независен кандидат)Почитуван претседателе, почитувани пратаници.

Јас мислам дека ние имаме Декларација за суверена, самостојна Македонија и како цивилизиран народ исто така.Имаме Платформа за разговори и со други народи во Југославија и пошироко во Европа.

Според тоа, појдовната основа на македонската држава е присутна и таа се базира врз политичкиот суверенитет на овој Парламент и политичката волја на македонскиот народ. Така што, македонскиот Парламент не е без политичка стратегија.

Овде се јавува проблемот што со исчезнувањето на реал-социјалистичкиот модел се создаде една празнина на југословенскиот простор. Како замена на таа празнина се јави конституирање на суверени држави на целокупниот југословенски простор. И тоа е  моделот што се пополни просторот настанат со исчезнувањето на југословенскиот реал-социјалистички модел.

Според тоа, на југословенскиот простор постојат шест суверени држави и нивниот суверенитет е изворната основа за градење на повисоки цивилизациски облици на здружување. А, ние, таква платформа според тоа и политичка волја имаме и оттука јас ја поддржувам во целина Платформата на претседателот на Републиката заради тоа што тоа е една платформа што нуди решение што се разликува од постојните опции што беа во оптек: федерација-конфедерација или сепарација.

Со конституирањето на суверени држави на југословенскиот простор, кај некој носител на сувереноста е граѓанинот-државјанин, а кај други колективитетите-народите. На тој начин, на југословенскиот простор се јави синдромот на поделен народ. Мислам дека е тоа клучната кауза и клучната пречка во разговорите за идната југословенска заедница, синдромот на поделен народ. И токму во тоа е силината на предлогот на нашиот претседател и претседателот на Претседдателството на Босна и Херцеговина, што токму нудат решение на ова прашање и тоа на цивилизациски и европски начин, низ експлицитно прифаќање на сите европски стандарди за решавање на ова прашање и дури и најконкретно, низ директна примена на европското законодавство за решавање на овие прашања. Мислам дека е тоа голем дострел во мисловната сфера и во познавањето на начините за решавање на оваа проблематика.

Исто така, бидејќи егзистира и втора пречка, а тоа е нашето незнаење каква е политичката волја на граѓаните односно на народите сместени во суверените држави на југословенскиот простор дали е за федерација, дали е за конфедерација дали е за сепарација. Мислам дека оцената дека тие постојни опции што се во оптек не даваат резултати и се во длабока конфронтација, оттука еден нов квалитет на оваа платформа што е прифатлив, тоа е останување на изворниот суверенитет на сите републики и барање

на политичка волја кај граѓаните и народите сместени во суверените републики на југословенскиот простор за едно цивилизациско повисоко решение на југословенската заедница. Дури и се вели дека таа би имала и елементи на држава, така што не би бил во прашање меѓународниот субјективитет на идната заедница.

И на крајот, како трето што го сметам за европски комплементарно и релевантно решено прашање што се нуди во Платформата, тоа е прашањето на структурата на органите на идната југословенска заедница, низ парламентарни, демократски, повеќепартиски избори, формирање на ЈУ-парламент кој е сличен на Европскиот парламент. Мислам дека треба да се даде полна поддршка на оваа Платформа како модел што ги надминува и федералниот и конфедералниот а да не зборувам за сепаратниот.

V1/1. JJ/МЛ

СТОЈАН АНДОВ: Има збор пратеникот Тодор Петров

ТОДОР ПЕТРОВ: Ме радува фактот што токму претседателот на нашата Република заедно со претседателот на Босна и Херцеговина се предлагачи на оваа Платформа, која на средбата на претседателите на републиките на ЈУ-Самитот во Сараево од 6 јуни о.г., беше прифатена како основа за водење разговори за идното уредување на односите на Југославија. Меѓутоа, ме радува и фактот што предлогот за измени на Платформата на Македонија за идните односи во Југославија, што го поднесов на Собранието на 24 април 1991 година коенцидира со предлогот на претседателот на Републиката господин Глигоров, така што воопшто не дојде и не би ни требало да дојде на седница на овој Парламент. Меѓутоа, сакам да укажам дека многу бедно и смешно сега звучат дискусиите на оние членови на Уставната комисија кои кога го разгледувавме Предлогот за измената и дополнувањата на Платформата на Македонија, мојот предлог го оценија како разурнувачки, дека дејствува контрапродуктивно и ограничувачки во преговорите и по-зицијата на Македонија. А, ме радува, исто така и тоа што оваа Платформа позитивно е оценета од меѓународната јавност, што пред се во овој политички момент го зголемува значењето и улогата на Македонија во разрешувањето на кризата на овој дел од Европа. Ако Плат-формата нуди уредувања на меѓусебните односи на суверените држави, сегашните републики во Југославија, по угледот на Европската економска заедница со европско меѓународно признати стандарди за сите права, слободи и односи, тогаш секое барање на поголеми права,на поединци и групи од овие меѓународни и европски утврдени права е неразумно и води кон експресивно решавање на проблемите и состој-

бите што верувам не е ничија определба. Меѓутоа, сакам да кажам ние зборуваме за Југославија како сојуз на суверени држави и сите суверени републики како суверени држави сме за влегување во европската заедница. Кога Југославија, морам да го кажам и ова мое видување, ќе влезе во европската економска заедница, постоењето на Југославија во оваа Европска економска заедница ќе остане само историска именка. Заради тоа што сојузната администрација ќе исчезне како слепо црево коешто со обичен рез се вади, бидејќи економскиот интерес и на републиките кои се како суверени држави ќе биде да не го финансираат она што им претставува оптоварување, и тоа од економски аспект. Ако суверените држави директно се застапени во Европскиот парламент, ако европската економска заедница чиишто дел сакаме да станеме и ние, имаме единствен европски пасош, единствена европска валута, единствена европска монетарна економска и финансиска развојна и.т.н. политика, заеднички вооружени сили за брза интервенција и.т.н., не ќе има потреба од постоење на некоја сојузна администрација, која за да опстане ќе мора да наметне царини, давачки, такси што само по себе ќе биде ограничувачки фактор на југословенскиот пазар. Затоа сум да се догради концептот за самостојна, меѓутоа не автархична, независна суверена македонска држава, во смисла самостојно да ги утврдува своите ставови во формулирањето и градењето на заедничката стратегија и политика и во југословенската заедница и во европската заедница. Во смисла на ова барам да се одговори на неколку прашања од претседателот на Владата,претседателот на Републиката и членот на Претседателството на СФРЈ, во функција на оваа Платформа што треба денеска да ја поддржиме.

Што станува со обврските на Владата на Република Македонија кои што ги презеде односно претседателот на Владата јавно ги

кажа на седницата од 18 мај о.г., каде што јасно и гласно се кажа дека Владата има добиено налог од претседателот на Републиката да изготви решение за однесувањето и функционирањето на македонската држава во идниот сојуз на суверени држави и како самостојна држава. Заради тоа што се наближуваат датумите 26 јуни за Словенија, 18 јули за Хрватска кога се поставува прашање што ќе се случи ако се случи она што овие две републики веќе одамна го имаат нормативизирано во соодветни законски и други акти.

Понатаму што станува со ветувањето дека македонската Влада ќе подготви предлози за измени и дополнувања на Законот за народната одбрана и Законот за воената обврска, донесени од Собранието на СФРЈ, заради тоа што во овие ветувања беше укажано дека согласно со Платформата за идните односи и уредување на Југославија беше кажано дека командувањето со територијалната одбрана претставува право и обврска на претседателот на Републиката.

И воедно кога со Законот за воена обврска регрутирањето целосно ќе биде преземено од страна на ЈНА овој месец.

Исто така, потребно е да се даде одговор во функција на изградување на оваа Платформа и нејзиното спроведување. Што станува со референдумот што беше ветуван и планиран на средбите и во Сплит и во Охрид, меѓутоа во нашата Република не е реализиран. Дали ќе се реализира, кога, во каква форма и дали воопшто ќе се оперира со терминот референдум заради тоа што како пратеници во овој македонски Парламент вестите за неговото спроведување ги дознаваме единствено во средствата за јавно информирање.

Исто така до министерот за народна одбрана, што станува во поглед на осамостојувањето на или градењето на некаква територијална одбрана како самостојна вооружена формација на републиките?

Што е со оружјето на територијалната одбрана коешто беше укажано од претседателот на Владата дека целото е собрано во касарните на ЈНА. Дали тоа оружје е во сопственост на Македонија, на стопанските субјекти кои го купувале за овие 45 години. Колкава е вредноста по малопродажната цена на тоа оружје што е купувано и по вид и по количество за овие 45 години и дали ако се наоѓа во касарните на ЈНА, македонската држава го задржува правото на сопственост на тоа оружје или евентуално префрлено од македонските касарни односно од касарните на ЈНА од територијата на Македонија и надвор од територијата на Републиката.

За членот на Претседателството на СФРЈ, ме интересира воопшто како Парламент треба да изградиме еден став, до кога ќе се пролонгира рокот за избор и за прогласување на претседател и потпретседател на Претседателството на СФРЈ или дали е веќе решено, односно се навикнавме на ваква ситуација заради тоа што неименувањето, односно непрогласувањето го стопира спроведувањето на сојузни закони што ги донесува Сојузниот парламент во смисла што без претседател не постои орган или личност во тоа Претседателство кој со указ ќе ги прогласи законите за да влезат во сила.

И ме интересира уште едно прашање да ми се даде одговор. На средбата во Охрид на претседателите беше кажано дека потребно е да се отпочне со процесот на разграничувањето на обврските по републики. Ме интересира, до каде е стигнато со тоа разграничување на обврските по републиките и дали е можно да се утврди некој разумен рок, инаку без утврдување на некаков рок, времето си тече а одделни републики ги водат процесите на сопствено осамостојување.

СТОЈАН АНДОВ: За збор се јави Фаик Абди.

VI/5.

ФАИК АБДИ : (ПЦЕР)Господине претседателе, почитувани дами и господа, почитуван господин претседателе Киро Глигоров,во овој момент Ви се поклонувам. Видите колку намерно го кажав овој збор "господине претседателе ви се поклонувам во овој момент" - длабоко убеден бев дека денеска на оваа седница ќе постигнеме една општа согласност за продолжување на разговорите што ги започнаа господата Глигоров и Изетбеговиќ. Целиот свет гледа на тие разговори. Гледа на иднината на Југославија. Гледа нешто добро, гледа искрена надеж, има верба за било какви негативни појави да бидат лека полека отргнати, отстранети. А ние денеска во оваа наша земја македонска, во овој наш Парламент на Македонија, пак на некој начин се повампируваме. Пак, зборуваме за нешто што се случувало пред три, четири, пет и шест месеци. Зборуваме за наша мајка Македонија, дека таа треба да биде самостојна, дека имаме обврска спрема неа и.т.н. Си зборуваме за некоја си мајка, за некоја си маќеа која би ја сакале повеќе. Мудреците велат и вака: "друго е некоја мајка да роди некое чедо, ама таа што го исчувала тоа вреди многу" и таа треба да се цени. Токму таа што го исчувала, токму тоа вреди. Вреди и треба да се цени. Во никој случај, не сакам да компарирам што е Македонија, што е Југославија. Меѓутоа, знам дека има доста апетити да ја тргнат Македонија во недоумие, доста апетити има да ја срушат Југославија, да ја нема од картата на државите, Југославија да ја нема. Вие знаете дека и тука се зборуваше, се кажуваа рокови за тоа дека се кажуваа рокови дека за 4,5,6 месеци Југославија веќе нема да ја има.

Двајцата претседатели Изетбеговиќ и Глигоров дадоа една надеж на широките народни и слоеви. Да се разбереме. Ова што го кажувам, да се разбереме сакам да го потврдам со нешто, ве молам.

VI/6.-

Јас сум претставник на една многу мала партија,на еден многу мал народ, можеби со пописот ќе бидат стотина илјади. На еден беден народ, сиромашен. Но,исто така мислам дека сум претставник на еден поголем народ, на многу граѓани, им се обраќам овој пат и на сите граѓани на Македонија, тие што на улица, било каде, во секој град на Македонија ме поздравуваат, ме бодрат-Македонија ќе опстане, Југославија ќе опстане. Не можам јас поинаку да мислам. Вака мисли мојата партија, мала партија, многу мала партија. Ние мораме да го најдеме нашиот заеднички интерес во Македонија, односно во Југославија. Што ќе станеше ако ги повлековме ние војниците, ние нашите војници, нашите деца да ги повлековме од другите републики, а сите други републики да ги повлекуваат од оваа нашата Република и еден општ хаос, одење и движење на војска на сите страни, и границите така оставени, да влезе внатре секој како сака и колку сака и да разграби се. Јас доживеав такво нешто 1944 година. Општа пљачка во Скопје, кога си отидоа Бугарите, кога Германците си одеа, општа пљачка, секој пљачкаше. Тие што се моја генерација и постари од мене, тоа добро го знаат. Зарем тоа треба да го дозволиме. Тоа нема да се случи. Денеска нашите деца служат низ целата територија на Југославија. И ќе служат. Нашата армија не можеме да ја окарактеризираме како некоја армија која што врши блокада на политичкиот систем, на политичките партии и.т.н., на слободата на граѓаните, човекот и сл. Па, што сакаме,поголема слобода, кога може во Белград, ете гледаме на телевизија, со кокарди. Тоа е нивно право, до разни истапи. Што е тоа? Тоа ли е демократија или слобода? Дали анархија и.т.н.не би смеел да кажам ништо.

И да не се оддалечам од темата мислам дека апсолутно треба да дадеме, така да речам голема поддршка на ова, започнатово.

VI/1.

Голема поддршка и таму да го гледаме излезот. Ако се сеќавате, пак ќе речам јас барав еднаш што е тоа актива и пасива на Македонија. Тоа исто она што го бараше господин Петров. Тоа е тоа. Каква е Македонија сама. Не мислиме ние како еден југословенски раководител, републички што се изјасни - "ако треба и корења ќе јадеме". Нека јадат корења, кои сакаат, имаме шума доста, па нека повелат, нека јадат корења. Но, ние мора да знаеме овде, во Македонија дека не беше тешко и однадвор од економската европска заедница и од целиот свет, не беше лесно да кажат и да потврдат дека Југославија во таква ситуација е заради тоа што има лоши меѓурепублички и меѓунационални односи. Заради тоа стопанството опаѓа. Па зарем на телевизија не сме го слушале и гледале господинот потпретседател под прекар знаете како го викаат, сега простете ми господин претседателе, дека најмалку 70% од нашето производство оди како суровина во другите републики. Нашето производство нема пласман, па затоа нашите машини стојат, затоа нема пласман, затоа нема работа и затоа ги пуштаме работните луѓе на принуден одмор по три, четири и пет месеци. Зарем не знаеме што е тоа, не сме свесни?! Е сега каде е чарето, каде е излезот? Па зарем може некој однадвор да даде толку средства, толку пари да пружи и толку технолошка иновација да пружи на Македонија во време на автоматизација и копјутеризација во овие лоши меѓучовечки и меѓунационални и меѓурепублички и.т.н. односи. Зарем може, сега, во овој момент да се очекува, ако на ниво на Југославија ги решиме меѓурепубличките односи, да стравуваме дека овде на нашето тло, македонско ќе се појават лоши меѓунационални односи! Јас со ова им се обраќам на националностите, на етничките групи, на себе, на Халили, на Куртеши, на не знам кој и.т.н. Не смееме да создадеме такво нешто. Ние мора да најдеме чаре и излез да ги решиме тие односи, онака како

би дале поголем плод за поголемо единство и заедничко живеење и за добри резултати на оваа земја, да живееме подобро. Со тоа нашите генерации ќе не гледаат како идоли и лидери, а не со она да ја отцепиме Македонија. Мора да знаеме дека не живееме во времето на Солунските атентатори. Тоа време е одминато. Ние нив ги цениме како наши револуционери за тоа и за ова време, меѓутоа и ова време има големи разлики. Тука се во прашање низа години 50 па и 90 години. Векот, отишол многу напред, цивилизацијата, еманципацијата. Според тоа еве да не одземам многу време, пак велам да дадеме потполна поддршка и ова што се случува со европската економска заедница, само да се изразам вака, само будала раководител не би прифатил таква понуда и помош од европската економска заедница. Простете ми на овој израз. Тие велат: повелете, да живеете подобро. Е сега дали ќе имаме таква сојузна држава, сигурно ќе биде помала а ќе ја имаме. Нема да имаме војска, е не ќе имаме и војска и помала зашто сите држави имаат своја војска и една администрација. Не е важно каква ние што имаме и каква ќе имаме, ќе имаме но ќе биде помала, меѓутоа да не се занесуваме со некои работи кои постојат во светот.Простете на овие вакви зборови, но мислам дека на господинот Киро Глигоров и на господинот Изетбеговиќ треба да им се поклониме на тоа што го направија и да продолжат така. (Аплауз).

СТОЈАН АНДОВ: За збор се јави Бранко Црвенковски.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:(СДСМ) Почитувани пратеници, парламентарната група на Социјалдемократскиот сојуз ја разгледа Платформата предложена од претседателите Глигоров и Изетбеговик и оцени дека таа претставува солидна

основа за продолжување на разговорите дека нуди можности за демократско разрешување на југословенската криза и притоа, воедно е оцена дека таа не претставува само еден обичен компромис или аритметички збир, аритметичка средина на двете спротивставени концепции, туку претставува една целина во која длабоко се втемелени и основните витални интереси на македонската држава. А кога го говорам ова, го земам предвид тоа што ја донесовме Декларацијата за суверена Македонија и Платформата за водењето на разговорите за иднината на Југославија.

Во понудената Платформа во целост ги респектира сите ставови внесени и во Декларацијата и во Платформата и оттука како парламентарна група и даваме поддршка и ги повикуваме сите парламентарни групи и пратеници поединечно, да дадеме поддршка на оваа Платформа и со тоа да и го зголемиме и легитимитетот, зад неа да стане не само претседателот на Републиката туку и Собранието на Република Македонија.

Притоа, во врска со овие дискусии што досега беа водени би сакал да потсетам дека во неколку наврати ова Собрание многу децидно се изјасни дека нашата прва варијанта во водењето на југословенските разговори ќе биде сојуз на суверени држави и дека доколку тоа не може да се оствари, не може да се реализира, во тој случај ќе размислуваме за втората варијанта, за што впрочем говореше претседателот на Владата на една од минатите седници.

Оваа Платформа е сосема на линија на таа наша одлука, ја респектира Одлуката за сојуз на суверени држави. И се додека постои, макар и најмалку надеж и шанса таквата варијанта, таквата разврска на југословенската криза да се реализира, ние треба и како Република и како Собрание и како претставници на оваа Ре-

публика, тоа го велам за претседателот и за членот на Претседателството, таа шанса да се обидуваме да ја искористуваме.

Притоа, би сакал да се осврнам само на еден дел од излагањето на претседателот, а тоа е дека пред нас претстојат денови во кои веројатно ќе се случат многу битни работи и каде што Претседателот повика на будност и претпазливост. Исто сметам дека овие денови ќе бидат многу драматични, многу нешта може да се случат, не само во словенечкиот парламент и во хрватскиот, туку и воопшто во Југославија, и претпоставувам дека ќе бидеме во ситуација да донесуваме и мудри и храбри одлуки. Меѓутоа, притоа се надевам дека секогаш ќе умееме таа храброст многу паметно да ја користиме.

Благодарам!

VII/1 ДВ/СЛ

ИВАН ИВАНОВ(СРСМ-МДПСМ)

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Денес кога расправаме за понудената Платформа за идното уредување на Југославија, се срекаваме со многу сериозни проблеми кои се манифестираат како на внатрешните состојби и односи така и во меѓународните односи.

Внатрешните состојби во нашата земја ја достигнаа критичната точка, манифестирани со најгруби сепаратистички тенденции за разбивање на Југославија, до вооружени судири многу преставници на одделни југословенски народи, а излезните решенија почнаа и да се барат во масовното наоружување и примената на сила, што е општа карактеристика за лабавите или милитаристичките режими. Последните информации изнесени во Собранието на Југославија од преставниците на сојузниот Секретаријат за народна одбрана и сојузниот секретаријат за внатрешни работи се крајно драматични и зборуваат за тотално нарушени односи во кризните подрачја со множности за избивање на вооружени судири од поголеми размери.

Сето ова е резултат на сепаратистичките и крајно тенденциозните однесувања на раководствата во одделните републики настанати со извршените повеќе партиски избори како и со блокирањето на започнатиот курс на реформи во Југославија и агресивните и тенденциони однесувања против носителите на реформите.

Иако состојбите во нашата Република денес изгледаат мирни и стабилни во однос на другите делови од Југославија, сепак би било погрешно и фатално ако ние се задоволиме со ваквите оцени. Сегашните судири би можеле брзо да се пренесат и во нашата Република.

VII/2

Последните изјави на војводата Шешељ, се почестите среќавања и разговори на раководствата на Грција и Бугарија, како и посетата на Драшковиќ на Грција, јасно зборуваат какви перспективи се нудат на Македонија и македонскиот народ. Затоа ние во Македонија треба да бидеме многу внимателни во нашите однесувања и нашите барања и постапки.

Нашето дејствување треба да биде насочено кон дијалог, со нудење на решенија за мирно излегување од сегашните кризни и многу опасни состојби, односно да преставуваме конструктивен и кохезионен фактор во решавањето на сегашната криза, секако не запоставувајќи ги интересите на Македонија, македонскиот народ и другите народности кои живеат во неа.

Во меѓународните односи рејтингот на нашата земја падна на најниската лествица и денес таа се вбројува во најнестабилните подрачја во Европа.

Во последните месеци југословенските проблеми се интернационализираа. А Југославија беше предмет на расправа повеќе пати пред меѓународните форуми (Европската заедница, европскиот Совет, Советот на ЕФТА) парламентите и органите на повеќето земји, од кои беа упатени повеќе пораки до надлежните фактори во Југославија, а кои за жал малку наидоа на разбирање. Посебно се впечатливи упатените пораки од европската заедница со изразената спремност за сестрана поддршка.

Понатамошната ескалација на состојбите во Југославија преставуваат голема опасност за целосна изолација на Југославија од сите текови во меѓународните односи. Ова би било крајно опасно за сите републики и сите народи и народности што живеат во Југославија

и би довело до тешки последици по стандардот и нивната безбедност. За ова нешто на 27 јуни министрите на Европската заедница треба да одлучат какви мерки ќе усвојат за Југославија. Мерки на поддршка или мерки на изолација и препуштањето да самата се гуши во своите проблеми. Каква одлука ќе биде донесена зависи дали во наредните десет дена во Југославија ќе се исполнат минимум услови потребни за успешно разрешување на сегашната криза во Југославија.

Во контекстот на ваквите состојби понудената платформа од двата претседатела, Глигоров и Изетбеговиќ претставува среќна околност и можност да работите во решавањето на југословенската криза кренат од мртвата точка и да се насочат на добар пат.

Затоа јас Платформата ја сметам како многу корисен чекор кој создава голема доверба како во Југославија така и во светот, како иницијален елемент во барањето на излезни решенија.

Изнесените принципиелни гледишта за одделните прашања во решавањето на идното уредување на Југославија за мене се прифатливи и јас во основа ги поддржувам.

Иако во Платформата се дадени појдовни и глобални гледања за одделните прашања како решенија за сегашната криза, кои тек ќе треба да се разработуваат и усогласуваат од аспект на интересите и потребите на одделните републики, сепак би сакал да укажам на некои мои гледања.

Воведување на републичките армии и нивното подредување на републичките раководства, во сегашното време на демократските процеси и новата европска архитектура, сметам да се нерационални и потенцијал за избивање на конфликти, а впрочем тие се и денес еден од елементите на сегашната криза.

Воведувањето на заедничкиот пазар со инструментите на единствената надворешно трговска и царинска политика се решение за идниот развој на економските текови во Југославија, но во изостанувањето на изграден и стабилен заштитен механизам за изедначување и заштита од различниот степен на развиеност на стопанските субјекти, носи во себе голема опасност за посебно послабо развиените делови на Југославија.

Сигурно е дека содржаните прашања во Платформата ќе бидат предмет на нашите понатамошни расправи во кои ќе можеме поконкретно да се произнесеме. Затоа сметам дека предметната Платформа заедно со понудените решенија на СИС, претставуваат добра основа за водење на акцијата и изнаоѓањето на квалитетни решенија на југословенската криза по демократски и мирен пат.

ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Најпрвин два-три збора во врска со покренатите прашања од некои пратеници за карактерот на нашата сувереност.

Ние можеме, претпоставувам дури ќе биде и неопходно да расправата за разните аспекти на суверенoста. На крајот на краиштата во процес сме на едно поцелосно дефинирање на нашиот суверен статус што го отпочнавме пред кратко време на новиот устав и тоа се категории од такво првокласно значење. Поедноставено, меѓутоа, за мене суверенoста е право да се одлучува, а какви се по квалитет нашите одлуки прашање е на демократските правила на политичкиот процес и на нашето ниво и на нашата општа колективна компетентност.

VII/5

Одлуките кога се донесени демократски всушност се израз на најнеприкосновена сувереност. Ако сметаме пак дека постои некој екстерен притисок, дека не сме слободни во нашето одлучување и во изминатите 6-7 месеци на суверена Македонија и на овој Парламент, тоа е друго прашање. Лично сметам дека од конституирањето и порано, но во секој случај од конституирањето на повеќепартискиот Парламент, Република Македонија суверено одлучува за своите витални интереси и тоа е за мене најбитен момент на определувањето дали можеме или немаме право да ја поддржиме Платформата на претседателите Глигоров и Изетбеговиќ.

Заседанието на нашиот Парламент е во време кога кулминира сеопштата криза во земјата. Од овој месец јуни па натаму во зависност од потезите што ќе се повлечат и од одлуките што ќе се донесат, скоро со сигурност ќе биде можно да се предвидат натамошните настани и перспективите.

Доколку се постигне согласност на републиките врз основа на компромисната формула на претседателите Глигоров и Изетбеговиќ, односно во крајна линија врз ставовите и иницијативите на Македонија и на БиХ, сите ние ќе добиеме шанса, мислам дека може да се нарече реална, да отпочнеме процес на излегување од политичката, економската и меѓунационалната, социјалната, развојната и општествената криза и заради тоа претседателите Глигоров и Изетбеговиќ го заслужуваат нашето почитување. При ваков евентуално позитивен исход може исто така, реално да се очекува стабилизирање на односите со странските фактори , посебно со Европа и нивни соодветен ангажман во нашите напори за решавање на клучните проблеми во конституирањето на модерно и демократско општество со ефикасно пазарно стопанство.

Во овој контекст претпоставувам ни е јасно на сите дека компромисните солуции не овозможуваат максимална валоризација на различните појдовни политики. Ова се разбира се однесува и на нашите ставови дефинирани во Декларацијата за суверeноста и во Платформата за идните односи во југословенската заедница. Во нив конзистентно македонскиот Парламент на квалитетно нов начин ги профилираше државноста и самостојноста на Македонија и нејзината улога во напрегањето за демократска разврска на југословенската криза.По значење тоа се историски категории и не може да дозволиме нив да ги деградира ни едно понудено решение за кризните состојби во земјата. Со други зборови кога нашиот Парламент, а посебно кога како граѓани во Македонија ќе одлучуваме за содржините и регулирањето на идните односи во југословенската заедница, ќе мораме во целина да бидеме сигурни дека нашите одлуки не ја загрозуваат нашата стратешка определба. Во оваа смисла надлежните органи треба да направат сериозни анализи и уште поважно од тоа детално да ги запознаат граѓаните со нивната содржина.

Прашањата што се денес на дневен ред задираат во егзистенционалните интереси на граѓаните, тие задираат во сферата на вродените и иманентните права на човекот,па оттаму илузорно би било и потполно нереална било каква амбиција или концепција на посредни начини да се одлучува за овие интереси и права. Треба да се осмисли и да се подготвува нашето соочување со граѓаните, посебно во градењето на услови за најдемократско одлучување за прашањата кои се судбински по карактер.

VII/7

Уште еднаш би сакал да подвлечам дека во овој контекст од незаменливо значење и информирањата на граѓаните. Доколку, пак не се постигне согласност за општоприфатлива и демократска солуција на нашите кризни состојби, нашите вкупни односи до крај ќе се радикализираат и негативно ќе се динамизираат.

Со сигурност може да се предвидат еднострани наметнувања на сопствената политика, апсолутизирање на сопствените интереси и понатамошна интензивна ерозија на поредокот и на системот. Во такви услови демократски решенија не се применливи и уште помалку демократско одлучување. Алтернативно се наметнуваат третоградните солуции, репресијата, општата милитаризација и врз тие основи општата загрозеност.

Изолацијата на Југославија, а со тоа и на републиките во меѓународна смисла на дефинитивен начин ќе ги суспендира нашите европски аспирации и нашата асоцијација,со Европската заедница како единствена реална опција за нов развоен циклус и за надминување на економската криза. Во такви услови социјалната загрозеност на граѓаните ќе стане доминантен фактор на сите процеси, но системот ќе биде без ефективни инструменти за социјална релаксација.

Денешната политика на одлагање на социјалната експлозија ќе се претвори објективно во политика на злоупотреба на цели социјални слоеви па и на цели народи заради масовната социјална осиромашеност и во кумулацијата на социјалното, националното и милитаризмот на политиката на земјата ќе се испродуцираат најдраматичните и најретроградните состојби кај нас.

VII/8

Нерешавањето на социјалните проблеми, неспособноста да се дистанцираме од парцијалноста и тесноградоста, игнорирањето на значењето на развојот како неопходен нов циклус веќе сега се наши големи хендикепи и ја провоцираат нашата одговорност кон граѓаните. Згора на тоа, да извршиме нови злоупотреби врз нивните животни интереси и да ги турнеме во конфликти со несогледливи последици,едноставно немаме право.

Мораме да се заложиме на граѓаните во земјата, а тоа да го сториме конкретно за граѓаните во Македонија, да им се презентираат сите сознанија и параметри за социјалната состојба, социјалната перспектива, состојбите во стопанството и антиципациите за неговиот развој во наредниот период. Врз основа на такви информации бидете убедени граѓаните непогрешно ќе се определат околу политиката што ја водиме и што ја нудиме, а таа верификација и нам ни е неопходна.

Непостигањето на согласност за договорна и за сите прифатлива разврска на политичката и уставната криза во земјата ќе ги узурпира и онака забавените демократски процеси кај нас. Веќе сега се евидентни сериозни појави на атак врз иницијалните демократски придобивки и почетниот процес на плурализација, односно автономизација на општествениот живот. Практицирањето на власта е на тенката линија на рестрикција и репресија, а автономијата на општествениот ангажман се формализира.

Правото и слободата на информираноста е притиснато, а нискиот квалитет на меѓунационалните односи сакале ние или не имплицира загрозеност и кршење на човековите и националните права.

VII/9

Тенденциите да се стабилизира власта на новите политички структури во услови кога изведуваме историски проект на градење на ефикасно и демократско општество, се тенденции практично на статус кво, а не на понатамошни радикални трансформации. Како инаку може да се протолкува и временската коинциденција на запирање на реформските процеси и конституирањето на новите држави и државни и политички субјекти кај нас. Тоа има негативни реперкусии за нашиот развој во секоја смисла, но и пошироко. На пример, доколку во Европа владееја старите околности на поделби и доминација на воениот фактор, успехот или неуспехот на нашите реформи ќе останеше наш проблем.

Во околности кога Европа почнува да реализира стратегија на поврзување и интернационализација на развојот и животот, успехот или неуспехот на нашите реформи се и европски проблем.

Во конвергентноста на нашите европски амбиции и европските процеси, Европа бара и прифаќа асоцијација со нас, при што се шири стабилноста и квалитетот на вкупниот европски простор.

Во дивергентноста на недемократските разврски кај нас и европските интереси што инаку не ги загрозуваат ниту нашите посебни, ниту пак нашите општи интереси, Европа ќе бара основа за сопствено дистанцирање. Ако некој мисли за Европа, меѓу овие две алтернативи постои избор, се лаже, а ако пак мисли дека може во недоглед да се игра на европската карта при што би можеле да ја одиграме кога нас ни одговара, исто така се лаже.

Понудите што ги слушнавме од највисоките претставници на Европската заедница, од Сантер и Де Лор и што ги слушаме во бројните контакти и разговори што ги имаме со одговорните претставници на европските земји и на САД се сериозни понуди. Тие не се никакво

мешање во нашите внатрешни работи или диктирање на некакви услови или дезинформираат граѓаните и манипулираат со нив оние што така ги интерпретираат загриженоста и активизмот на нашите партнери и на меѓународните фактори. Тие понуди, меѓутоа подлежат на преиспитување. Веќе на 27 овој месец советот на министрите на Европската заедница може да ретирира и да понуди рестриктивен однос спрема нас. Верижно ќе уследи како синхронизирана акција рестриктивниот однос на меѓународните финансиски институции и на комерцијалните банки. Сигналот за приватниот инвеститор ќе биде стриктно почитуван исто така.

Во услови само кога во 1991 година треба да платиме четири и пол милијарди долари како сервисирање на нашиот долг, при флагрантна интерна инсолвентност,а посебно спрема штедните влогови на граѓаните, ние доколку го потцениме можниот европски став, навистина одиме во катастрофа. Немаме такво право, мислам немаме такво право, ниту тука сите седејки и расправајки денес во Парламентот или да покренуваме знаци на прашање за оние иницијативи што не оддалечуваат од овој праг, што ни даваат шанса за здив и за солуции и одлуки кои што отвораат перспективи.

Неопходно е и рамно е на императив да се постигне објективна оцена за сите последици на нашето поставување како раководства, а пред се, како одговорни луѓе спрема излезните решенија. Притоа, не станува збор за некои авторестрикции и деградирање на сопствените витални интереси, туку за нивно објективизирање и лоцирање во реалниот амбиент на меѓузависност и испреплетеност на нашите со европските, односно со глобалните интереси.

По мое длабоко уверување објективизирањето на нашите интереси и нивна најдобра одбрана и предуслов за нивно остварување.

Еуфоричниот пристап е можеби коњуктурен, но и како секоја коњуктура тој е нестабилен и со краток здив.

Во Македонија ние мораме да создадеме услови за сериозен дијалог и за одговорно одлучување. Денешнава седница на Парламентот би можела да придонесе во правец на понатамошно афирмирање на политичкото единство на Македонија веќе постигнато при усвојувањето на Декларацијата за сувереност и на Платформата за идните односи во Југославија. Тоа едноставно е неопходно и заради - создавање на новиот устав на Македонија, а пред се, заради нејзиното стабилизирање и свртување кон развојот и материјалните аспекти на животот во Макдонија.

Под единство не подразбирам никаква униформност, никаков конфронтизам, туку одговорно одлучување во демократска процедура заснована на валидни аргуемнти. Притоа ги респектирам сите специфики на Македонија на нејзината национална сложеност, нејзината потреба без алтернативи да се развие во демократска држава.

Компромисниот предлог на претседателите на Македонија и на БиХ во крајна линија како политички ставови на овие две републики за идните односи во југословенската заедница нудат прифатливи решенија, нудат основа за понатамошен разговор и реализмот би требало да не сврти кон нивно целосно осмислување во конкретна и за сите прифатлива регулатива.

VII/12

Имајќи ги во предвид некои од актуелните аспекти на нашата ситуација, блокадата на Претседателството на Југославија загрозеноста на безбедносната состојба во земјата заради нејаснотиите што постојат во врска со одлуките на Претседателството на Југославија од 9 мај, а положбата на ЈНА и нејзиното дејствување како и значај-ните аспекти на нашата меѓународна положба односите со релевантните странски партнери, политиката на меѓународните фактори спрема нас, ве информирам дека покренав иницијатива за собирање на Претседателството на СФРЈ, претседателите на републиките, претседателите на Собранието и на Сојузната влада, ресорните министри за одбрана, надворешни работи, внатрешни работи, економски односи со странство и финансии, за да се изврши, во согласност со тежината на состојбите во кои се наоѓаме, одговорна проценка за сите последици и однесувања
во земјата и меѓу републиките, како и на одделни меѓународни аспекти на нашата ситуација и за тоа да се информира најшироката јавност затоа што верувам дека и тоа би било во прилог на изнаоѓање на прифатливи решенија, а претпоставувам само делумно одговори на поставеното прашање на нашиот пратеник Тодор Петров.

VIII/1/сј/лб

БЛАЖЕ РИСТОВСКИ: Македонија се наоѓа пред нова историска одговорност. Па можеби и професионално сум малку казнет и сакам да се вратам малку  и назад за да можеме да согледаме што ни стои напред, пред нас. Сосема разбирливо и за мене, а се надевам и за сите во Македонија, Југославија не е и не може да биде фетиш. Македонија не постои заради Југославија, меѓутоа во овој момент, јас сепак би претпочитал едни граници што би ги омеѓиле макар и со еден конец, макар и со една книжна лента, сепак да остане. Зошто? По повод една полемика во 1971 година, тоа значи пред 20 години, бев обвинет зошто Универзитетот кај нас сум го нарекол македонски требало да биде југословенски. Јас напишав, јас пред се, сум Македонец а потоа Југословен. Иако, знам во овој момент Македонец можам да бидам вака само во Југославија. Бев нападнат и натаму знаете што следеше.

Мислам дека историското искуство ќе мораме да го консултираме секогаш кога тоа ќе го наложи токму таа историја. Некаде во 20-тите години кога почнаа да преговараат Србија и Бугарија за Македонија и кога одново требаше да се решава таканареченото македонско прашање Мисирков тогаш рече: "чекајте неможе да решаваат само Србите и Бугарите за нас, а без нас." Мислам дека денеска ние стануваме односно станавме фактор и решенијата ќе мора да бидат не без нас, туку со нас, а еве гледаме дека тие се навистина дури и насочени од нас од наши претставници.

Една реминисценција нужно ни се наложува, а јас би сакал тоа уште еднаш, можеби заеднички размислувајќи да го погледнеме. Во 1902-та година при таканареченото Источно-македонско востание и особено во 1903 година кога младите патриоти, добри патриоти, револуционери го избрзаа подигнувањето на Илинденското востание, беа советувани од младата македонска интелегенција да не го направи

VIII/2

во тој момент тој чекор зашто може да биде судбоносен. Тие предлагаа прво да се формира една културна и национална афтономија во рамките на Турција, па ако може после нека биде таа и федерација балканска, конфедерација, јужнословенска итн., меѓутоа во тој момент да се заштити таа Македонија од пропагандите за да може да го обезбеди својот опстанок што и беше загрозен со реални сили и средства. Тие предлагаа автономија да се признае македонската националност, да се воведе македонскиот јазик, македонската црква да се издигне со обновувањето на Охридската архиепископија и со тоа да се обезбеди постепено сигурниот и сталeн развиток на македонската нација и култура со перспектива за една итна македонска држава. Независно во кои рамки, бидејќи беше јасно Турција ќе се распадне, меѓутоа Македонија треба да опстане една единствена и неделива. Советот не беше послушан. По Илинденското востание настанаа тешки расправии и во софиските кафеани се водеа цели битки, Македонската интелегенција не беше послушана.

Соседите во 1912 година, го направија тоа од што се плашеа Македонците. Македонија ја загуби својата целост, па можеби и својата перспектива. Меѓутоа, историјата носи секогаш нови пресечки и нови бариери пред судбината на земјата и народот. Вие си спомнувате во 1943 година, една судбоносна година која од македонско-историско гледиште се уште не била доволно осветлена, тоа мислам јас лично, во таа година еден од тие интелектуалци во тоа време со својата рака го пренесе мислењето на македонската интелегенција и го испрати до главниот штаб на македоноската народноослободителна војска. Беше судбоносен момент, но текстот што со своја рака го напиша Киро Глигоров не беше прифатен. Ние знаеме што стана.

VIII/3

Четириесет и четвртата година речиси ова време во мај со раката на истиот тој Киро Глигоров беше запишан меѓу другите и многу интересен записник што деновиве имав можност да го прочитам зачуван во архивата на Методија Андонов Ченто, во која Глигоров ги формулирал задачите и целите на нашата делегација при преговорите на Вис. Мнозина од вас знаат какви беа тие цели и задачи.

Четириесет и четвртата година АСНОМ ги донесе решенијата пишувани пак со таа рака кога се постави државноста на овој народ, па макар и само во еден дел од сопствената татковина. Стана тоа што стана и стана така како што стана потоа.

Пак, денеска сме исправени пред нова историска пресечка. Нам ни претстои тешка одговорност, пред историјата пред поколенијата. Дали и овој пат ке бидеме осудени? Може да ни се случи и овој пат наново да не делат. Вие знаете денеска што се разговара во Атина, вие знаете што се прави и на север и на југ и на исток, и се друго знаете. Треба ли ние и овој пат да се изложиме на таква недостапна одговорност и да пристапиме кон судбината на својот сопствен народ и судбината на оваа Македонија за да можат утре генерациите да не осудат.

Пред нас е еден документ кој не е идеален, но наложен од околностите, наложен од судбоносните задачи на овој народ што треба во овој момент да ги реши. Еден од двајцата поднесувачи на овој документ самиот рече дека тука може и треба се уште да се доградува, и треба да се доградува и јас ќе се согласам. Во политиката тоа е вообичаено. Треба да бидеме и ние тие што ќе доградуваат и да помогнеме за тоа доградување. Меѓутоа, нам во овој момент како впрочем и на Босна и Херцеговина ни стои задачата да се сочуваме, нас како Македонци и други народности и етнички групи што живеат

како што  живееле и порано.

Затоа, исправен ете пред таа историска одговорност и јас лично давам глас за овој документ, не како член на Владата, како Македонец. Мислам дека македонството нема да го мериме на кантар. Секое македонство има еднаква тежина, но постапките наши имаа друга тежина и тие се оценуваат од историјата. Затоа, мораме со прстот на челото, замислени пред судбината, пред утрешнината, не дека тоа е такво и единствено како можност, но дека тоа во овој момент дава барем според моето гледање единствена можна перспектива, да можеме да се зачуваме, а утре и нашиот претседател повеќепати вистина има нагласено, но мислам дека тоа е во сите нас овде, ако оваа Југославија не најде сили да опстане, ние ќе мораме да најдеме сили ние да опстанеме, а ние ако опстанеме тогаш можеме да правиме секакви други комбинации што ќе ги наложат околностите и историјата. Јас апелирам ракописот на нашиот претседател Киро Глигоров и овој пат да не биде оставен настрана од судбоносните решенија. Традицијата има смисла и во тој дух просто повикувам кон таа одговорност.

Проштавајте јас ретко настапувам пред оваа говорница, се воздржувам секогаш да ви го земам микрофонот зашто сметам дека треба вие тука да го кажете својот глас, а ние како Влада на своето место.

Јас се надевам претседателот Кљусев ќе каже што ние како Влада преземаме за оние работи што беа овде поставени како прашање. Меѓутоа микрофонот и гласањето е ваше. Благодарам.(аплауз)

НИКОЛА КЉУСЕВ: Почитувано претседателство,почитувани пратеници, пред големите пресвртнички фази, пред големите историски завои се бара мудрост И разум за одлучување за својата иднина. Емоциите секогаш

треба да бидат длабоко мерени пред силата на неизвесноста и мудроста на одлуката која не очекува. Од нас не се бараат говорнички вештини да се убедуваме, од нас разумот и срцето треба да проговори, што во овој пресвртнички период не очекува? Кои опции не очекуваат? Едната е предмет на нашата дискусија денес. Тоа е платформата на двата претседатели која дава шанса за едно реалистичко разумно видување на нашето живеење на овој простор. Живеење во услови на заштита и почитување на својата републичка, државна сувереност и создавање претпоставки за изградување на сојуз на суверени држави во Југославија. Тоа е патем и основната мисла длабоко вткаена во Платформата која ја прифати овој Парламент за политичките разговори и обврските што му ги дадовте на нашиот претседател. Неговото кумулирано огромно полтичко искуство и знаење умееше да се дистанцира од еуфоријата од некои други видувања заедно со претседателот Изетбеговиќ ја предлагаат оваа платформа како една објективна основа во која длабоко е вткаена и нашата Платформа за разговори и нашата Декларација за суверена македонска држава. Било која одлука да се донесува во идната заедница на суверени држави на Југославија, политички, правни, економски, пред се ќе се тргнува од исклучивиот интерес на суверена Република Макеоднија. Овој интерес мора да има елиминаторно значење. Било кој друг критериум кој би ги ставил во судир интересите на оваа Република. Тоа е доволно да ја разбереме и духот и содржината дека таа Платформа на сојуз на суверени држави ќе тргнува од почитувањето на овој наш интерес. Секој друг патернализам, унитаризам, надметнување сигурно ќе биде предмет на наша оцена и дистанцирање, но сега ние изградуваме една платформа да не зближува, да не поврзува со оние објективни, технолошки, информациони, економски процеси на европскиот простор. Тоа е првен процес

на интеграција.Не можеме ние да говориме да ги преточиме критериумите на Европа кај нас во Макеоднија, ако не ги преточиме тие критериуми во нашето блиско живеење, оној простор кој економски уште силно не врзува во сите наши инпути и аупути во економијата и во целата надградба. Од тука не е тоа трул компромис на лажно политичко видување тоа е компромис во релативното значење на оценувањето на интересите на секоја суверена држава во идниот сојуз на суверени држави во Југославија. Тоа е и доволен индикатор да се дистанцираме од оние унитаристачки и патерналистички пресии кои сакаат некои да ни ги наметнуваат во југословенскиот простор и кои ни ги наметнуваат до денес на поданичката психологија која ни ја изградуваа нашите претхдони челници на овој наш македонски простор.

Тоа дистанцирање е и добра поука да сфатиме како треба да се однесуваме кон овој историски момент , кон оваа голема пресвртница и како треба да ги видиме и другите опции покрај оваа. Тоа е да ни се наметне некоја скратена мала Југославија, а знаеме каква ќе биде тогаш нашата улога. Таа улога ни ја опишуваат сценаристите кои гостуваат во Атина во Софија и оние кои излегуваат на митинзи и ни проповедаат каква судбина треба нас да не очекува.

IX/1.- НД/ЉР

А, третата опција е опција на жртви и крв. Оттука, оваа реалистичка,објективна опција како платформа дадена од двата претседатели претставува оној мудар  и разумен гест на нашето видување и на нашето општо задолжување, затоа што и ние како Влада тргнувајќи од Декларацијата за суверена Македоснка држава и Платформата што се прелдага ја изградуваме и нашата програма која треба кон крајот на идната недела да ви ја дадеме  на вас. Оттука Владата и размислува за разните опции и работи. Вие гледате дека Владата е во скратен состав тука. Луѓето работат интензивно. Ние дојдовме тука прекинувајќи го својот процес на работа кој трае од 8 часот наутро па се до доцните часови. Тоа значи ние сакаме да ги втемелиме оние видувања и оние обврски кои со нужно почитување ги прифатимве  од ваша страна. Токму од тој домен сакаме да изградиме нова филозофија на нашето видување, нов модел на разврските во економијата и во изградбата на правниот и политичкиот систем. И не се согласуваме со такви видувања, кои прво од Уставната комисија ни се ветува дека некој наш устав ќе дојде при крајот на годината. Владата таков став не може да прифати. Му става на знаење на Прламентот да се забрза процесот преку Уставната комсиија да се донесе Македонскиот устав  што побрзо, затоа што ние, и минатиот пат реков, не можеме да работиме со старите прописи и закони. Тие не блокираат, времето ќе не згази ако ние доцниме. Ние сакаме да добиеме нов устав , нова законитост што побрзо за да овие благородни идеали за нашето идно видување и квантитативно и квалитативно ги оцениме.  Да дадеме проток и смисла на нивното оживотворување.

IX/2.

ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ: Дами и господа пратеници, најпрво би сакал да констатирам дека и од оваа наша денешна расправа во Македонскиот Парламент и понатаму се гледа дека очигледно заеднички став за едно прашање немаме, имаме сеуште различни мислења и сеуште различно го толкуваме. За жал и во овој македонски Парламент по прашањата на оваа платформа се повторија истите дискусии што се повторуваа после средбата на 6-те претседатели, кога после излегувањето од заедничката сала секој ја толкуваше Платформата на свој начин, односно едноставно од таму зимаше она што му одговара. Ова различно толкување и вадење на делови од Платформата на начин како што на некој му одговара, за жал беше присутно и овде.

Она што можам да го кажам сигурно дека е тоа што се надевам дека овој македонски Парламент еднаш ќе го постави на дневен ред прашањето за актуелно-политичката состојба во Југославија. И со жалење констатирам дека се уште во ниеден форум или институција на власт во Македонија не е седнато и точката за актуелната политичка состојба во Југославија не е распоредена на оној начин на којшто треба да се разгледа, детално со правилни анализи и изведување на заклучоци. Затоа сме доведени и денеска да мешаме актуелна политичка состојба во Југославија со разговор, односно дискусија околу оваа платформа.Се надевам дека колку побрзо ќе ја ставиме таа точка на дневен ред пред нашиот Парламент, толку побрзо ќе имаме искристализирани ставови што сака оваа Македонија. За жал, според мене во овој миг се уште не може да се каже дека Македонија, мислам Македонија составена од политички партии кои имаат влијание за решавање на судбината во Југославија, во Македонија се уште не знае што сака со самата себе. Тоа е видливо од сите дискусии.

На пример, на самото прашање сојуз на суверени држави, зошто се залагаме ние за сојуз на суверени држави? Затоа што го сакаме тоа, затоа што сметаме дека е тоа наша потреба или затоа што треба тоа да го направиме од немајкаде. Односно затоа што другите ни го наложуваат.

Според однесувањето тука, јас можам да констатирам дека некои за тоа се залагаат затоа што навистина се определени за тоа, а некои се залагаат само заради тоа што еве другите го наложуваат тоа прашање. Да отвориме дискусија за тоа, ќе видиме дека навистина тоа прашање не ни е расчистено пред се меѓу нас самите.Зборувавме овде за историскиот момент, што сметам јас лично дека ова е прашање за актуелната-политичката состојба и на една детална процена и анализа. Зборувавме за историската одговорност на овој Парламент. За жал и овде имаме различни видување и секој историската одговорност ја гледа на различен начин при што едно од главните прашања кое се поставува овде, а за кое ние се уште замижуваме тоа е 26 јуни, значи уште десеттина дена каде што имаме едно јавно и цврсто определување на словенечката држава за раздружување од Југосалвија. За жал таквото раздружување го најавува после неколку дена и Хрватска. Молкот, не седнувањето и неразгледувањето како ќе се однесува Македонија после тој чин на раздружување на словенечката држава па макар и да не се случи тоа, сметам дека е голема неодговорност на сите структури во Македонија.

И само уште еден момент на кој би сакал да се задржам кога зборуваме за историскиот миг во кој се случува и што се случува со Југославија. Јас не знам дали постои човек се уште во Македонија кој верува дека некој во оваа Југославија освен македонците се залагаа искрено за Југославија. Јас сметам дека веќе подолго време борбите во Југославија не се водат за Југославија, туку се водат кој со

поголеми граници да остане после разрешувањето на таа Југославија. Илузиите дека некој во оваа Југославија, освен македонскиот народ се бори за неа само можат да бидат една наша наивност кои ќе не одведат дотаму каде што секогаш не воделе. Зошто? Затоа што не сакаме да погледнеме во овој миг во Југославија се води еден од нај големите, пред се економски грабежи. Економски грабеж што може да се нарече чист криминал или пљачка. Ние ќе се соочиме еден ден макар и најдемокртски да се решат настаните во Југославија и во Македонија со празни каси и Македонија која треба да ги плаќа најголемите долгови од оваа Југославија.

ГОРГИ КОТЕВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)Почитуван претседателе, почитувани дами и господа и овој пат и во овие последни обиди за разумот и рационалноста која тргнува од реалните состојби и крајно специфичната позиција и статус на Република Македонија пред лицето на целата југословенска, европска и светска јавност јасно и недвосмислено се покажува и докажува на дело дека Македонија нема други алтернативи освен мирен и демократски пат во разрешувањето на југословенската криза. Добро е да се преговара, па макар да се најде и минимум заеднички интрес, само добриот збор да не го замениме со зборот на оружјето. Дури и да не се успее и со овој последен обид, но од страна на нагризувачите на земјата, Македонија ќе има и веќе има морално и материјално право да си ги заштити и оствари етапно дел по дел и со голем степен на разумност и принципиелност сопствените суверени интереси без никакви предрасуди. Нема сомневање дека овој обид е последен, ако не и пресуден,затоа што може да се сфати како преоден особено флексибилен документ, но предизвикот е тука,а нашата Македонска совест рационално чиста и во краен расплет со степен на високи национални и политички цели.

IX/5

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ : (ВМРО-ДП) Мислам дека со право господинот Ристевски, потсети на некои историски аспекти,затоа што навистина се наоѓаме во момент на одлука. Јас сакам само кратко да кажам дека ретко кога македонската држава, македонсккот народ воопшто добила така добра шанса да во еден поширок простор, како што е југословенскиот да има претензии да каже дека нешто нуди како решение, па и да каже дека има свој одговор. Мислам дека овој документ е толку добар и соодветен на објективните состојби во Македонија и во давањето одговор на потребите на Македонија со право можеме да го наречеме македонски одговор на состојбите што не мачат.

Овој документ дава одговор и на оние аспекти кои што така радикално и национално нагласени беа дискутирани од дел на пратениците денеска. Ако внимателно се погледа документот тој дава можност и за најнагласени бранења на интересите на македонската држава. Заради тоа го поддржувам овој документ, и сметам дека претставува конструктивна основа за продолжување на разговорите и дава перспективност да се почувствува на македонската нација.

ПЕТАР ГОШЕВ: (СДСМ) Почитуван претседател, почитувани пратеници. Јас сакам да се вклучам со еден мој аспект во денешната расправа.

Надлежните државни органи на Македонија, вклучувајќи го пред се овој Парламент имаат Платформа за разговори во врска со југословенскта криза. Таа Платформа ја усвои ова Собрание, а предложената таканаречена компромисна и во позитивна смисла на зборот варијанта од господинот Глигоров и од господинот Изетбеговиќ во основа и повеќе од тоа е во согласност со основните одредници на

Платформата на овој македонски Парламент и на сите оние превирања што ги имавме до доаѓањето на една доволна платформа за тие политички разговори. Но нашата Платформа сосема јасно е дека може да се оцени и од внатрешни разуми сиви и од надворешни во Југославија дека е Платформа за разумно решение на југословенската криза. Нема објективен посматрач и разумен човек што во овој момент не би дал таква квалификација за Платформата на македонскиот Парламент, а и за Платформата на двајцата претседатели. Но, наспроти ова и други развојни решенија на дело е се подлабоко остварување, поентата на мојата дискусија е токму ова, ова што е сосема разумно и добро да го поддржиме и безрезервно да застанеме зад тоа, на дело се остварува најнеприфатливото и најтешкото решение за југословенските народи вкупно и за одделни народи и народности во Југосалавија.И тоа мораме да го имаме во овој момент, а еве зошто:

Словенија речиси е готова да ја донесе одлуката за отцепување од Југославија. Тој факт не може да се пребрегне во овој момент затоа што задоцнувањата можат да бидат мошне, мошне штетни.

Второ, Хрватска експлицитно соопштува дека и таа ќе го стори истото веднаш по одлуката на словенечкиот Парламент. Државното заопкружување на овие две републики интензивно се одвива. Квалитетно, неквалитетно, добро за нивните народи или не, но тие тоа го прават. Пренесениот суеренитет на југословенската заедница го враќаат забрзано со еднострани одлуки. Тоа го први и Србија, тоа го направија полека полека како емитација нужна и другите републики во Југославија.

Трето, донесен е заклучок, Србија, Хрватска и Босна и Херцеговина да разговараат и да се договорат меѓусебе за нивните проблеми, што мене лично не ми се допаѓа и јас таков заклучок не би прифатил, заради тоа што тоа може да има други импликации кога на тој

начин се разговара за Југославија, за политичкиот договор во Југославија иако претпоставувам дека можеби има и ограничувања во таквото согласување со разговорот на овие три партнери. Затоа што во еден таков разговор се поставува прашање дали е исклучена можноста тие да се договараат, а истовремено да не биде тоа во спротивност со интересите на Македонија или на некоја друга република бидејќи се разговара за југословенска опција. Може ли тие да разговараат на пример и за поместување на границите во Југославија, макар тоа било само за нивните и што ќе значи тоа за ставот дека републичките граници во Југосалвија не се само административни и што значи тоа како евентуален почеток на негирање на тој став, на таа политика или таа одбрана, на таа битна позиција на Македонија за непроменливоста на републичките граници во Југосалвија. Фактот што босанскиот Парламент одби да гласа за неповредливоста на границите на Босна е сериозен сигнал за одбраната на ставот за неповредливост на меѓурепубличките граници во Југославија и тоа мене лично посебно ме загрижува.

Четврто господинот Милошевиќ и господинот Туѓман разговараа за т.н.српскохрватски недоразбирања, или без таканаречени, но јавна тајна е дека тие се обиделе да исцртаат и поинакви географски карти во Југославија со измени и на флората и на фауната, се разбира во нивна полза. Јавна тајна е дека и Македонија не била настрана од нивното внимание и добар географски апетит.

Петто, бројни претставници на албанската народност во Македонија, на Косово и на други места без со поголем или помал легитимитет, или со апсолутен, како кој сака кај своите сонародници ги синхронизираат ставовите барајќи третман на народ, а секој народ има право на самоопределување до отцепување и здружување пов-

торно и истовремено барајќи да бидат третирани како целина во Југославија изјавувајќи дека албанскиот народ не може да живее во три одделни држави што ќе рече, врз основа на сето тоа тие политички претставници на албанскиот народ не ги признаваат републичките граници во Југославија и примарноста на републичкиот суверенитет и државност, само ги набројувам политичките фактори во Југославија што атакуваат и се повеќе се зголемуваат на тие што не ги уважуваат републичките граници.

Тоа ќе рече дека дел од политичките претставници на албанската народност не ги признаваат територијалниот интегритет на Македонија, ако тоа така се третира и единствено мислам дека може така да се прочита ако тие ставови логично се поврзат што во крајна консеквенца значат. Тоа ќе рече дека намерата на тие политички кругови од албанската народност јасно соопштуваат дека од сите тие делови од албанската народност треба да се состави еден дел од албанскиот народ во Југославија како етничка и територијална целина, а потоа користејќи го правото на самоопределување до отцепување да дојде до остварување на спој, територијален и политички со матичната држава Албанија, ако ги гледаме тие изјави. Тоа е уште еден фактор што практично се остварува без оглед на овие наши убави платформи што ги имаме и за коишто жестоко треба да се бориме и да се залагаме за нивно конечно остварување.

Шесто, во Грција беше остварена средба на господинот Милошевиќ со политичките водачи и државни функционери на Грција. На јавнот дел од посетата господинот Милошевиќ одбегна да ја изусти Македонија и одбегна, успеа да се одбрани од одделни јавни провокации. Но, разговорите меѓу државниците имаат и тајни и јавни моменти и интерни и јавни коминикеа и речени нешта што не се запишуваат ни во тајни ни во јавни документи. Во врска со оваа средба има некои

индиции дека Македонија сепак била барем во еден дел предмет на разговорите. Ја користам приликата да и се обратам на Владата на Македонија дали има сознанија за начинот на кој била, или евентуално била третирана Македонија во разговорите на господинот Милошевиќ и грчките политички државни првенци. Јавноста треба да знае и за такви или шпекулации, или вистински нешта што се случуваат на релацијата за која зборуваме, а всушност се е на товар на судбината на Македонија.

Седмо, сигналите што доаѓаат од Бугарија, и како стари сонгови и како нови, сосема ни се познати. Ова го говорам за нешто што конкретно се случува надвор од нашата политичка Платформа, што ја имаме како Собрание и политичката Платформа на господинот претседател Глигоров и господинот Изетбеговиќ.

Имајќи го предвид сетоа тоа, многу знаци и поставки на претставници или само претставници на околните држави на Македонија, ми се чини дека прават обид, поврзувајќи ги овие сегменти, независно од тоа колку се тие како политички држави, субјекти, јаки да остварат такво нешто, го прават следниот обид, според моја проценка:

- да ја направат дефинитивна поделбата на Македонија од 1912 година, тоа е едната поента од сето она што не опкружува во сите тие кружења, независно дали е таа дефинитивна;
- во случај на распаѓање на Југославија да ја добиеме судбината од пред 1941/45 година и
- да се вметнат и додатни распарчувања на Македонија, имајќи предвид некои екстремни ставови на политички претставници или самопретставници на албанскиот народ во Југославија и некои изјави што деновиве, не се крие, доаѓаат од Албанија, а за што зборував што во крајна консеквенца, кога логично ќе се поврзат, значат.

Значи, сите овие обиди, ситни, крупни, со голема политичка тежина или мала, со голема сила, материјална или не, значат или враќање на Македонија од пред 41/45 состојба или уште полоша положба од онаа што била во тие Балкански договори. Се разбира, тоа се нивни сметки и обиди да чекорат напред во Европа, во 21 век, враќајќи се

длабоко во 19-от век и 18-от век, сметајќи дека Македонија и македонскиот народ ќе бидат само месо за нивните трпези, мислејќи дека историјата навистина може да се врати за сто години, не сметајќи дека вкупно светот е многу, многу понапред.

Што ми е поентата на искажувањето ако од ова досега не беше доволно објаснето.

Да продолжиме со Платформата на ова Собрание и со обидот на господинот Глигоров и Изетбеговиќ безрезервно да дојде до разумен југословенски договор за политичката криза. Тоа се платформи како што реков на разумот, но ме плаши она што се случува практично, а тоа практично низ неколку примери само се обидов да го соопштам што вие го знаете, но еве вака ги маркирав. Тоа што практично се случува и сосема спротивно од таа Платформа, ме плаши што ние главно го чекаме позитивнот исход од југословенските преговори за ситуацијата што треба да настане или сакаме да настане, бидејќи практични одговори немаме за многу прашања или премногу бавно наоѓаме одговори на прашањата и од типот што ги постави независниот пратеник Тодор Петров, во коишто има и длабока суштина и длабока смисла и бараат навистина одговори, независно од тоа кој како кого прима овде. Ме плаши нашето доцнење во себеподготвувањето за евентуални други неповолни исходи на овие преговори за југословенската иднина. Ме плаши тоа што има обиди од внатре да се дестабилизира Македонија, да се попречат демократските процеси што започнаа во Македонија и што имаат малку попозитивна карактеристика, барем од други, во опкружувањето што го имаме. Ме плаши тоа што во Македонија има обид да се попречи тој растечки државно-правен и политички субјективитет на Македонија што, како што гледаме на многумина околу им пречи.

X/3

Во овој момент се ползуваат или се прават обиди да се исползуваат две прашања за дестабилизација на започнатите демократски процеси и за попречување на растечкиот државно-правен политички субјективитет на Македонија, а како Парламент и како раководство мораме да бидеме длабоко свесни за тие прашања и на нив треба да најдеме што е можно побрзо позитивни одговори или да ги релативизираме конфликтите што на тој план можат да се најдат. Тие се познати, но само да ги спомнам:

Првиот е обидот на одделни внатрешни и надворешни сили да се зголеми меѓунационалниот судир меѓу Албанците и Македонците. На таа карта и внатрешните и надворешните субјекти играат дебело затоа што тоа е едно од потенцијалните жаришта за дестабилизација на Македонија. И Албанци и Македонци и Турци, сите мораме да бидеме свесни што значи тоа прашање за судбината и егзистенцијата на сите нас на овие простори.

Второто прашање е можност да се искористи оправданото социјално незадоволство, особено на работништвото, во излив на масовни штрајкови што можат да излезат од контрола на општествено рационално насочување или искористување на позитивната енергија од таквите штрајкови.

Тоа се тие два моменти на кои што мораме да најдеме одговори во Македонија за помалку да се плашиме или воопшто да не се плашиме од сите оние што кружат како пчели или како нешто друго околу Македонија и се обидуваат да ги попречат нашите процеси што се започнати.

Ме плаши што во овој Парламент доминираат ватрени говори за македонското самочувство, не се тие штетни, да не се разбереме погрешно, а не доминираат проекти, законски, развојни, што претставува

права претпоставка за јакнење на националното и државно самочувство на државно-правниот интегрирет на Македонија. Ме плаши што речиси три месеци немаме владина програма за излез од кризата иако имаме ветување дека ќе ја имаме конечно за една недела и дека студиозноста во неговото подготвување и прашањата што тековно ја оптоваруваат работата се причина што се уште ја нема. Но, сепак,три месеци е долг период да не биде понудена програма за да не мораме ние да расправаме многу, не за неважни прашања, туку за помалку важни прашања од тие што на Македонија, навистина, и стојат.

Според тоа, Платформата на господинот Глигоров и Изетбеговиќ за судбината на Југославија-да, но со уште поголемо да е да се свртени кон материјалните и државно-правни претпоставки за опстанокот и развојот на Македонија.

СТОЈАН АНДОВ: Има збор господин Зибери.

НАСЕР ЗИБЕРИ:(ПДП) Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Јас немав намера да се јавам за збор, меѓутоа ме поттикна последниот дискутант и затоа ќе кажам неколку зборови. Стремежот да се направи политички баланс помеѓу деструктивните политички фактори во Југославија и Македонија не можам да го сфатам поинаку туку како обид за тактичко дејствување за да се скријат вистинските причинители на дестабилизацијата на Југо-федерацијата и Македонија.

Ова изгледа уште поцинично ако цело време се удира по сите страни без да се погледнеме сами себе си на огледалото. Нема земја во светот која не сфатила кој е детонаторот на југословенската криза и кој народ во каква положба се наоѓа. А, ние, овде се уште

се служиме со старите навики за постоењето на некакви си тенденции за велика Албанија а сето тоа што ние бараме, господа е барањето за рамноправност и ништо повеќе.

СТОЈАН АНДОВ: Дали ќе привршуваме? (Да)
Има збор Ханџиски, бара реплика.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ: (СДСМ)Господине претседателе, дами и господа пратеници,

И јас немав намера да зборувам. Има сосема кратка реплика во однос на тоа што го искажа господин Зибери.

Ние немаме никаква дилема дека навистина започнаа процеси на неколку фронта со дестабилизација на Македонија и дека во тој поглед имаме и премногу од надвор увезени идеи. Меѓутоа, треба да бидеме свесни дека во овие тешки моменти, судбоносни денови единствено единствена Македонија, единствени одлуки во Парламентот, единствени платформи донесени во услови кога е многу тешко да се процени реалноста на остварливоста на нивните зачетни претпоставки даваат каква таква можност да не го погрешиме патот да го избереме најправилниот пат.

Во тој поглед евидентно е дека покрај увозот на идеи од средини надвор од Македонија, но во рамките на Југославија, во последно време имаме пренесување на идеи и надвор од Макеоднија односно од Албанија. Впечатливо е повторувањето на некои ставови искажани на Конгресот на сегашната Социјалистичка партија на Албанија од говорницата на Конгресот дека албанскиот народ нема да дозволи да живее разделен со ѕидови во сегашна федерална или идната југословенска заедница.

Во тој поглед би сакал да разбереме дека само единствена Македонија како татковина на сите што живеат во таа Македонија може да се спротивстави на пајаковите мрежи што се плетат околу неа и може да излезе како победник во името на сите што живеат во неа во овие тешки денови.

СТ0ЈАН АНДОВ: Има збор господинот Стојановски.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)Јас ќе потсетам овде што беше прво, кога разговаравме во овој Парламент и донесовме една Платформа со која ја овластивме нашата преговарачка група да стапи во преговарање за разрешување на политичката и економската положба во Југославија. Тогаш јас употребив еден термин дека не можат нашите преговарачи да бидат чесни, од овде да им определиме што треба да работат и да тоа таму да го однесат. Практично, со тоа сакам да кажам и да се потсетиме пак назад дека преговарачите нека преговараат, ние имаме Платформа и тие преговори кои ќе ги водат, она што ќе го постигнат да не се доаѓа повторно од овде да се бара пак повторување или одобрување. Да не одиме на прегласување на секоја постапка на преговарачите. Меѓутоа, во април Платформата беше дополнета и таму се кажа дека преговарање, во разврската на југословенската заедница ќе биде за преговарање помеѓу држави а не републики.

Тргнувајќи од ова начело што е усвоено и Платформата што сега ја нудат господата Изетбеговиќ и Глигоров, тргнува од принципот на Европската економска заедница. Ова баш се поклопува со нашата Платформа. Значи, во европската економска заедница се членки држави и затоа таму има една цврстина. Затоа, нивните преговори се чисто

на економски план. Ако ние овде имаме таква цврстина и така преговараме за разврските, значи ќе ја постигнеме основната цел односно ќе извлечеме поуки што Европа веќе ги има зацврстено. Тоа е едниот дел. Јас како демократа кажувам едно, дека било кој да е и што да е, да понуди за преговарање дали тоа ќе биде, нека биде и преговарање за војна а не за мир, можеби од таа понуда за војна ќе се најде место да се постигне мир. Па и овде сакам да кажам дека оваа Платформа што се дава за преговарање, тоа е иницијатива да се постигне еден мир и спокојство.

Политичкиот дел, да остане дури откако ќе ги чуеме што ќе направат Словенија и Хрватска, затоа што ако тие истапат од Југославија, било тоа да биде отцепување или раздружување да ја оставиме формата на страна, ние тогаш не ќе имаме што да преговараме затоа што цврстата определба на овој Парламент, па и на другите, е дека Македонија  е самостојна држава.

Според тоа, основната цел на ова е дали ќе има место да стигнеме ние да преговараме врз основа на овие работи. Сакам да кажам, овде господа да не се надгласуваме,да не прегласуваме за овој проект на двајцата господа Изетбеговиќ и Глигоров. Да не ставаме ограничувања. Тоа е една иницијатива, благонаклона,човечка од нивна страна,не води на еден мирен тек на разрешување на спорните прашања меѓутоа во овој момент дали ќе имаат место или не, треба да видиме. Тоа е едно.

Второ, што ако овие две републики, како што реков истапат? Што ние ќе правиме?

Во заклучокот ќе треба на изрично место да биде кажано ако Парламентот донесе дека ова ќе го сториме вака и вака, меѓутоа да има и заклучок што ќе биде ако не дојде до остварување на оваа програма.

X/8

СТОЈАН АНДОВ: Има збор господинот Стаменов.

РИСТО СТАМЕНОВ: (Странка на Југословени)Јас мислам дека сме претставници избрани од граѓаните од Македонија и мислам дека наша обврска е да ги застапуваме интересите на граѓаните на Македонија. А граѓаните на Македонија бараат мирна разврска и излез од економската и политичка криза што е моментално во Југославија.

Ако така појдеме, ние сме должни да прифатиме секакво мирно решение за разврска на кризата. Таква понуда денеска имаме. Ако дојде нешто друго, тогаш ќе одлучуваат граѓаните на Македонија а не ние. Тие се оние кои треба да одлучат што и како.

Јас ве молам, во таа смисла ние треба и овде да ја сопреме дискусијата и да кажеме,бидејќи сите се залагаме и интерес е на граѓаните на Македонија мирно да се решат прашањата во Југославија,да дадеме поддршка на оваа програма и да се тера до последниот момент додека не се искористат сите можности мирно да се решат прашањата. Ако дојде до она другото, да се раздружат Словенците, Хрватите и други тогаш ќе одлучат граѓаните од Македонија што ние понатаму ќе работиме, а не ние. Јас мислам дека тоа така треба да се разрешат прашањата.

СТОЈАН АНДОВ: Јас предлагам да завршуваме,но еве господинот Абди бара збор.

ФАИК АБДИ: (ПЦЕР)Се извинувам што повторно се јавувам за збор.

Мислам дека многу пати сме разговарале овде и од печатот сме читале изјаснувањето на политичарите и претставниците на Хрватска и Словенија дека доаѓа денот кога ќе гласа народот, односно за раздруж-

вањето. Меѓутоа, исто така знаеме од нивни искажувања дека раздружувањето не значи и конечно отцепување од Југославија. Него, да се биде суверен па да се отстапи дел од сувереноста во Југославија. Колку што јас разбрав умните луѓе така го толкуваат тоа, меѓутоа, мислам дека од оваа говорница, она што го зборуваме, мислам дека голем дел од нашите зборови дестабилизаторски влијаат на широките народни слоеви. Што има толку оперирање со Бугарија, со Грција, со Србија, внесување страв кај луѓето. Ако се раздружат другите ние имаме Устав односно Уставни амандмани во кои рековме кој може да закаже вонредна состојба. Што толку сме се исплашиле! Ве молам, бидете разумни,немојте луѓето да ги плашите.

СТОЈАН АНДОВ: Нема други за дискусија. Да се обидеме да се договориме како да ја завршиме расправата по ова.
Еве, за збор се јави госпоѓицата Димовска.

ДОСТА ДИМОВСКА: (ВМРО-ДПМНЕ) Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Денешната седница е од огромно значење и јас би изразила една забелешка дека претставниците на политичките партии што немаат пратеници во Парламентот денеска не се поканети. Мислам дека во иднина не треба вакви пропусти да правиме.

87

XI/1.-JJ/МЛ-

Што се однесува до ставањето на Платформата за т.н. идна југословенска заедница на претседателот на Република Македонија и претседателот на Босна и Херцеговина, на денешнава седница на дневен ред го сметам за задоцнето. Таа е предложена како основа за разговорите на состанокот на претседателите на републиките на 6 јуни. Откако е предложена, продискутирана на Самитот на претседателите, откако беше коментирана во печатот и пошироко во јавноста, денеска на 15 јуни му се предлага на македонскиот Парламент за запознавање. Нештата тука добиваат обратен тек, наместо претходно да ја проследи Парламентот па после таа некаде да биде предложена. Исто така, пред да се одржи седнцава на Собранието, изработен е работен текст на 14 јуни, којшто не е потпишан, како текст на заклучоци во кој стои "Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 15 јуни донесе заклучоци". Истиот работен текст на т.н. работни заклучоци е разгледуван на седниците на три работни тела на Собранието и дадено е мислење по заклучоците за расправата која денеска се одржува. Јас можам да изразам личен протест за ваквото канализирање на мислењето кое го сметам за недемократско. Во воведната забелешка на Платформата, авторите истакнуваат од досегашните претходни разговори на ЈУ самитот дека отсуствуваат резултати, така што преземениот чекор на двајцата претседатели го сфаќам само како уште еден обид по мирен пат да се изнајде решение на кризата, но не по секоја цена.

Наспроти овој обид, ние сме сведоци дека процесите на осамостојувањето и зацврстувањето на државноста на Србија, Хрват-

ска и Словенија се поинтензивно се одвиваат, тргнувајќи од новите акти што нивните парламенти ги донесуваат, формирање на своја војска, полиција, скорешното донесување на Декларацијата за независност на Хрватска најавено за 18 јуни како и најавените процеси за раздружување на Словенија и Хрватска. Во такви услови Македонија треба да покаже поголема загриженост за иднината и судбината на Македонија а не на југословенската заедница која бездруго се разградува, сакал некој да биде така или не.

Во вакви услови со изгласаната Декларација за сувереност на Република Македонија, изгласаните Уставни амандмани, македонската Влада, Парламентот и претседателот на државата мораат да изградат заедничка стратегија која би се однесувала пред се на јакнење на државноста, јакнење на стопанството и градење на националната култура. Без една таква стратегија ние ќе се приклонуваме ту на една ту на другата страна, ќе го бараме своето средиште од надвор. Не можеме својата самобитност да ја потпираме на замислени пријателства или заедништво кое одамна веќе не постои. Низ историјата судбината на Македонците биле делбите и оспорувањата. Ние не смееме тоа да го дозволиме. Неопходно е зацврстување на националното единство, изработка на национална програма која ќе овозможи што побрз излез од кризата, поголемо осамостојување на Републиката. Македонија покажа добра волја на неколку пати, се изјасни преку своите претставници за решавање на кризата по мирен, демократски пат, преку настапите на господинот Киро Глигоров во преговорите, гласањето на Тупурковски во Претседателството на СФРЈ. Македонија се изјасни за сојуз на суверени држави преку актите на Парламентот. Доколку не постои натаму разбирање и можност за договор, сметам дека Македонија треба да прогласи независност.

XI/3.

СТОЈАН АНДОВ: Дали уште некој бара збор?

Јас сакав само нешто да напоменам, а после на претседателот Глигоров би му дал збор.

Да објаснам околу постапкиве што овде беа искажани односно забелешките што беа искажани од страна на госпоѓицата Димовска.

Ние оваа Платформа ја сфаќаме како документ кој никнува од нашите основни определби од Декларацијата и од Платформата која сме ја направиле. И нашите анализи не покажаа овде дека е било на која точка на овој документ во судир со тие два документи. Оттаму овој документ како што и господинот Стојановски рече не требаше да оди на некоја претходна верификација. Тоа е само слобода на преговарачот и преговарачите да можат да ги операционализираат и да формулираат документи. Затоа и пред да биде презентиран на 6 јуни не беше ни поставен овде. А овде го поставуваме на седница поради тоа што сега расправаме по него и расправата по него предизвика, прво на состанокот во Сараево тој беше поддржан како добра основа. И тој е единствен документ во сите досегашни напори на шесторицата како што ги нарекуваме. Тие се единствен документ кој е поддржан од сите шест претседатели на републики и претседатели на претседателствата. Со тоа веќе документот добива нова квалификација. Веднаш после тоа од јавноста во Југославија тој документ е поддржан, а поддржан е и од главните така да речам фактори во нашето опстојување со светот, општење со светот, градење на односи и фактори со кои мораме да ги уредиме односите на една нова основа, пред се од страна на Европската заедница а еве сега и од страна на САД.

XI/4.

Во тие услови сосема е нормално што посакавме овој документ да дојде овде на Парламентот. Парламентот низ една широка расправа да искаже една готовност и желба неговата основна интенција да послужи како излез од југословенската криза. Јас мислам дека тоа во расправата овде беше и постигнато. Ние, се разбира, организирајќи ја оваа расправа, бидејќи поаѓаме од документот, мора да имаме и една постапка и постојано тоа го потврдуваме, постапка која што е со Деловник предвидена. Одбрани се трите работни тела кои што се надлежни за областите што ги покрива овој документ. Тие имаа заедничка седница и на таа заедничка седница се разбира беше предложен еден работен материјал - заклучоци, работна верзија на заклучоци, што е нужно да може воопшто да се премине на работа. А тоа, се разбира, заклучоците произлегуваат од Платформата која е на дневен ред.

Комисиите беа наполно слободни да утврдат измени, дополнувања, да го усвојат или отфрлат. И тие дадоа текст таков каков што утврдија. Тој текст е овде поделен сега како предлог на комисиите и овде може да биде усвоен, изменет итн., како ќе одлучиме. Тоа е методот кој единствено може да биде применет и кој секаде се применува во секој демократски парламент. Никаде не се оди обратно, да се оди на расправа, директно на пленарна седница, да се прават паузи, па еден со друг да се убедуваат и после тоа да се прават заклучоци. Може и тоа, меѓутоа, имаме документ по кој ја организираме расправата.

Овој документ, предлогот на господин Глигоров и господин Изетбеговиќ, не е тоа некоја наша борба за Југославија. Овде расправата, по мое мислење, најубедливо покажа, а господинот Блаже Ристевски ни даде историски примери и илустрации,а и господинот

91

XI/5.

Тупурковски ни осветли уште една страна до каде е социјалната издржливост на состојбите овде.

Овој документ ние го сфаќаме како борба за Македонија.Ова е борба за Македонија да не преживее уште една катастрофа,уште една катарза каква преживувала во историјата и каде цели генерации Македонци биле уништувани. Оттаму на овој документ ние мора да му пријдеме поодговорно. И затоа нашиот Парламент прв
расправа и и се обраќа на јавноста. Ние, се разбира сме свесни за ситуацијата во која сега се наоѓаме. Ние многу убаво знаеме зашто има и други сили и други процеси кои си имаат свој пат, оти течат некои процеси многу упорно кои го доведуваат во прашање,по себе тие процеси претставуваат напади на овој документ, на правецот кој овој документ го заговара. И можеби изгледа илузија да се предлага ваков документ и ваква верзија на развој на настаните во Југославија, кога никој, како што овде се вели, освен македонскиот народ не се бори за Југославија, а јас пак повторувам дека македонскиот народ се бори за Македонија и Албанците во Македонија, сега за македонската држава и нејзината сигурност и стабилност се борат, според тоа како ќе се изјаснат сега и велат дека сите што се борат сега, се борат за зголемување на границите на својата држава. Е, знајте сега од едно рационално умно гледиште, илузија е таа борба за проширување на границите што е сега разорна за Македонија и за Југославија. Таа борба да се прошират границите на Србија на Хрватска и не знам на кого итн.,таа илузија тоа е вистинската илузија, и навистина, животот ќе го покаже, затоа што таа борба е можна само како вистинска борба со оружје, со многу мртви итн. за да на крајот се потврди сосема нешто друго.

Ние овој предлог на господата Глигоров-Изетбеговиќ го сфаќаме како продукт на умот да се избегне таква расправа, ако е можно и колку е можно. Ние тоа сме должни да го направиме, да го предложиме, да го поддржиме, заради нашата одговорност пред сопствениот народ, нашата одговорност пред нашите семејства, пред нашите деца, затоа што никој од нас не ќе може да објасни ако воопшто постоела некоја можност за мирен расплет, за демократски решенија и на тој начин за зацврстување на македонската држава и афирмација. Од нас никој не ќе може да одговори ако не сме ја искористиле таа можност-зошто не сме ја искористиле. Кои тие илузии ни биле во главата и што тоа нас не кочело, чии тоа интереси ние сме бранеле и на кого фактички ние сме морале да му угодуваме, ако не на сопствениот народ, ако не на својата држава овде, ако не се бориме за избегнување на оние трагедии кои еднаш и не еднаш туку којзнае колку пат овде нам ни се случиле.

Така што јас разбирам дека ние, веројатно и по вакви клучни прашања различно мислиме, но притоа не прифаќам квалификација дека помалку сме загрижени за сопствената судбина, дури овде се слушаат увредливи зборови, јас сум Македонец па, па да извинат овие другите од другите партии, како другите да се марсовци. Тие работи така не одат.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) На кого да му ја продадеме Македонија?

СТОЈАН АНДОВ: Немојте да ја продавате. Навистина немојте! Да ја одбраниме, предлагаме. Ние предлагаме да ја одбраниме Македонија. Навистина да ја одбраниме, а не да ја продаваме.

Оттаму велам и кога размислуваме различно, јас предлагам да размислуваме во демократски дух. Да размислуваме во рамките на парламентарната демократија, во рамките на постапките приспособени на Парламентот и усвоени. И верувам дека само на тој начин нашите разлики ќе имаат творечки карактер, тие ќе бидат фактички дополнување на меѓусебните мислења. Тоа ќе претставува осветлување на повеќе аспекти на една вистина да можеме поцелосно
да ја видиме. Затоа мислам дека ние денеска имавме многу корисна расправа, без оглед колку имаше во неа и разлики, без оглед колку се изречени мислења и ставови и кои за некој друг не се прифатливи.

Мислам дека таа расправа нас не приближува кон една повисока свест за сопствената одговорност. Ние сите размислуваме за Македонија, можеби на различен начин, но тие начини ќе ги приближиме само низ демократија, низ парламентарна борба, низ постапка која е предвидена овде, а не со дисквалификации и со колнења кои се поголеми
итн.

Според тоа, јас мислам дека ние од расправата можеме да заклучиме дека Платформата што е изготвена од господата Глигоров-Изетбеговиќ овде доживеа поддршка. Ние сега ќе видиме како ќе ги формулираме заклучоците. Се разбира, тоа ќе го направиме согласно со постапката како сме должни да го направиме.

Притоа сакам да ве известам во Претседателството на Собранието веќе се договривме некде во текот на идната недела или почетокот на наредната да закажеме седница дали ќе биде на крајот на неделата или на почетокот на другата во согласност со расположливите документи што ги имаме, седница која ќе претставува фактички перманентно заседание на нашето Собрание некаде таму

до 15 - 20 јули и ги молиме пратениците своите обврски семејни, лични и работни да ги приспособат на една таква обврска. Ние сите сме свесни дека минуваме низ критични периоди со многу големи неизвесности и одговорности и ги молиме пратениците да бидат на располагање секогаш кога ќе биде неопходно да се состанеме по најможен брз пат. (Аплауз)

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Ако не бара никој збор, да преминеме на заклучоците.

Овде во раководството ми е напишан заклучокот кој вам ви е доставен од седницата на трите комисии. Јас ве молам, ќе го прочитам тој текст.

XII/1 ДВ/СЛ

Врз основа на расправата и Извештајот на комисиите на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието ја поддржува Платформата за идната југословенска заедница како основа уставната и севкупната криза во земјата да се реши по мирен и демократски пат. Собранието оценува дека во услови на изострено спротивставени гледишта за идното уредување на југословенската заедница, Платформата претставува конструктивна основа за продолжување на разговорите и за изнаоѓање на заеднички општоприфатливи решенија за зачувување на југословенската заедница како сојуз на југословенски републики односно сојуз на југословенски држави што е од интерес за севкупниот општествено-економски и цивилизациски развој за секоја република одделно и за сите заедно.

Собранието констатира дека во Платформата за идната југословенска заедница се вградени определбите и ставовите утврдени и изречени во Декларацијата за суверност на Република Македонија и Платформата на Република Македонија за идното уредување на Југославија.

2. Со овој заклучок на соодветен начин да се запознаат собранијата на републиките и Собранието на СФРЈ.

Молам, дали некој бара збор?

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)Дами и господа,во воведната забелешка од подносителот на Платформата стои во алинеја 2 "овозможат опстанок на југословенската заедница".

16

XII/2

Меѓутоа, во заклучокот што се нуди вели "за зачувување на југословенската заедница".

Поставувам прашање и мој предлог е во заклучокот наместо "зачувување", да стои "опстанок".

СТОЈАН АНДОВ: Терминот "зачувување" е земен од нашата Платформа за преговорите.

Добро, предлагам да се усвои Предлогот на пратеникот Стојановски, наместо "зачувување" да стои "опстанок" .

Дали се согласувате со предлогот? (Се согласуваат).

РАТКА ДИМИТРОВА: (ВМРО-ДПМНЕ) Бидејќи сите дискутанти што се појавија денес овде на говорницата не беа против Платформата и против уште еден обид за демократско разрешување на кризата. Како што гледам овде проблем ќе биде само формата и начинот во заклучоците.

Јас се обидов и пред состанокот, а ние имавме забелешки на минатата седница на готовите заклучоци, изработени пред седницата бидејќи после многу тешко се преформулираат и тешко се додаваат делови од дискусиите или интенции кои што во повеќето говори од дискутантите биле, тешко се имкорпорираат во заклучоците, предлагавме однапред да нема готови заклучоци. Сепак тоа треба да биде после искомпонирано, бидејќи вистинската демократија претполага дискусијата на седницата на некој начин да биде отсликана во заклучоците.

Затоа јас би предложила, бидејќи кај голем број од дискутантите се покажуваше загриженост за оној друг дел на работите, имено за забрзување на процесот, на сите процеси коишто се во врска со нашиот државен суверенитет, може да се додаде и некој таков дел во заклучоците. Мислам дека е добро сега да направиме една пауза да се договориме да бидат довршени заклучоците за да можеме да ги прифатиме сите заедно.

ТОДОР ПЕТРОВ: (Независен пратеник) За да не вршиме прејудицирање на одредени решенија, а бидејќи прифативме две опции за идното уредување на Југославија и бидејќи Платформата на СРМ која што ја донесе Република Македонија гласи "Платформа на Република Македонија за идното уредување на Југославија", предлагам наместо зборот "зачувување" да биде вметнат терминот и општоприфатливо решение:"за идното уредување на југословенската заедница". Значи наместо зборот "зачувување" да бидат вметнати зборовите: "идното уредување".

СТОЈАН АНДОВ: Јас мислам дека овој предлог е добар.

Ние сега овде имаме две работи.

Прво, треба да си ја завршиме нашата работа, да ги собереме амандманите на текстот кој овде комисиите ни го испратиле.

Јас немам таква смелост без одлука на Собранието, а тоа ќе го поставам после едноставно да не признаеме што работеле комисиите. Комисиите на нас ни испратиле текст на заклучоци и сега ние добивме два амандмана.

XII/4

Прво господинот Стојановски предложи наместо "зачувување" да стои "опстанок". Ние со тоа се согласивме, меѓутоа сега имаме еден предлог од Тодор Петров кој по мое мислење е посоодветен.
Дали господин Стојановски се согласува со предлогот на господинот Петров.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:Се согласувам.

СТОЈАН АНДОВ:Дали и другите пратеници се согласуваат со предлогот на Петров?(Се согласуваат).

Да го утврдиме сега овој текст.

Дали имаме амандмани на овој текст?(Немаме).

Имаме еден предлог од госпоѓата Димитрова.

Предлогот е да не се усвојува овој текст, туку да се направи нов текст кој би требало да се направи, како што рече таа на пауза што ќе ја дадеме.

Тој предлог што го даде госпоѓата Димитрова има предност на изјаснување во Собранието. Прво Собранието треба да се изјасни.

Молам, кој е за тој предлог? (32 пратеници) .

Кој е против предлогот? (68 пратеници)

Дали има воздржани? (2 пратеници),

Констатирам дека предлогот на госпоѓа Димитрова не е прифатен.

Преминуваме на усвојување на текстот што го утврдивме.

Кој е за овој текст нека крене рака? (74 пратеници)

Дали има некој против? (12 пратеници)

Дали има воздржани? (8 пратеници)

XII/5

Констатирам дека текстот на заклучокот што го утврдија комисиите со измената што ја даде господинот Петров е усвоен.

Преминуваме на втората точка од дневниот ред - Информација за разговорот на претседателот на Република Македонија Киро Глигоров со претставниците на Европската заедница.

Во врска со оваа точка претседателот Глигоров имаше уводно излагање.

Дали некој од пратениците сака да учествува во расправата (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Репбуликата Македонија ја усвои Инфромацијата за разговорот на претседателот на Република Македонија Киро Глигоров со претставниците на Европската заедница и притоа констатира дека е остварена значајна средба и ангажирање што претставува конститутивен придонес во изнаоѓањето на решенија за излез од кризата во која се наоѓа СФРЈ.

2. Собранието оценува дека покренатите прашања во разговорот како и предлозите на претставниците на Европската заедница содржани во Програмата на Европската заедница за помош на СФРЈ се од извонредно значење и заеднички интерес на сите во земјата, при што треба да бидат респектирани напорите на Европската заедница за поддршка на целината на југословенската заедница и за остварувањето на демократските промени во неа.

3. Собранието на Република Македонија им препорачува на Собранието на СФРЈ и на собранијата на републиките и Автономната покраина Војводина да расправаат за предлозите на Европската заедница заради изградување на единствени ставови во однос на поддршката и помошта од заедницата во надминување на кризата во земјата.

4. Овој заклучок да се достави до Собранието на СФРЈ, Собранијата на републиките и Собранието на Автономната Покраина Војводина, Владата на Република Македонија и Министерството за односи со странство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (83 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето?(Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

(Седницата заврши во 15,45 часот).